**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Осмото продолжение на Четириесет и третата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 15 мај 2007 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,32 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Бесим Догани, потпретседател на Собранието.

**Бесим Догани:** Продолжуваме со работа по Четириесет и третата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Абдулади Вејсели, Блерим Беџети, Сафет Незири, Џеват Адеми, Рафис Алити, Теута Арифи, Али Ахмети, Аргон Буџаку, Фазли Велиу, Садула Дураки, Зумрете Јакупи, Аднан Јашари, Азис Положани, Селвие Салију, Ајше Селмани, Тахир Хани, Љубчо Горгиевски, Арбен Џафери Даут Реџепи, Мендух Тачи, Елмазе Селмани, Илинка Митрева, Лазар Китановски, Радмила Шекеринска, Ристо Пенов, Весна Јаневска, Тито Петковски, Благој Зашов, Фијат Цановски и Никола Поповски, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснеме едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Молам службите да ги пребројат присутните пратеници во салата, затоа што се пријавени 71 пратеник.

(Службите ги пребројуваат пратениците во салата).

Уште еднаш ги молам пратениците кои сеуште не се влезени во салата да влезат во салата за да продолжиме со работа.

Бидејќи во салата се присутни 62 пратеници, констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и Собранието може полноважно да одлучува.

**Точка 4 - Предлог на закон за рамномерен регионален развој.**

Претресот по амандманот на член 56 ставови 1 и 2 поднесен од пратениците Никола Ќуркчиев, Весна Бендевска, Јани Макрадули, Цветанка Иванова, Борис Кондарко, Никола Ивановски, Ацо Киров, Есад Рахиќ, Влатко Серафимов, Верица Филипова, Мери Младеновска Георгиевска, Благородна Цветковска, Тале Герамитчиоски и Оливер Спасовски е заклучен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 64 присутни пратеници, за амандманот гласале 60 од кои 10 пратеници гласале за, 1 воздржан и 49 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отварам претрес по амандманот за бришење на член 62, поднесен од пратениците Никола Ќуркчиев, Весна Бендевска, Јани Макрадули, Цветанка Иванова, Борис Кондарко, Никола Ивановски, Ацо Киров, Есад Рахиќ, Влатко Серафимов, Верица Филипова, Мери Младеновска Георгиевска, Благородна Цветковска, Тале Герамитчиоски и Оливер Спасовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за локална самоуправа, повелете.

**Зоран Коњановски:** Благодарам потпретседателе.

Амандманот не е прифатлив за Владата на Република Македонија, затоа што да се избрише член 62 тоа значи дека целосно трошоците за финансирање на центрите за развој на планските региони ќе бидат на единиците на локална самоуправа. Ние предлагаме 50% тоа да биде од страна на централната власт. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам. Владата не го прифати амандманот.

За збор се јави господинот пратеник Никола Ќуркчиев.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам потпретседателе.

Би сакал уште еднаш да го замолам предлагачот на законот ако е можно после оваа долгодневна расправа, зошто е земен процентот 50:50. Успеав да прочитам неколку закони за рамномерен регионален развој, онака како што е концептиран Предлогот на законот навистина е чуден и нема таков пример, ова ќе биде раритет, голем број на експерти ќе треба да учат како се носи еден ваков лош закон, меѓутоа сакам да знам од каде овој процент 50:50, кога за тековно работење на центарот за развој на планскиот регион во првите пет години се финансира од Буџетот на Република Македонија и од буџетите на единиците на локалната самоурпава кои влегуваат во состав на планскиот регион во однос и тн. и тн.

Ако е перспективата, ако долгорочното планирање во Република Македонија е од 2007 до 2013 година, почитуван министре половина од општините немаат капацитет да опстојат. Имаат сериозни финансиски проблеми во своето тековно работење. Како ќе зборуваме за регионален развој ако тие треба да финансираат 50%, како што вчера расправавме за еден друг член каде што им забранивте на дел од општините во Република Македонија воопшто да конкурираат.

Мислам дека би било добро овој член односно овој однос да се промени и односот да биде поинаку. Сега не можеме да реагираме поинаку, меѓутоа би бил задоволен доколку барем општините учествуваат со 25%, а односот да биде 75:25, или некаков сличен сооднос. Вака однапред знаеме дека Министерството ќе биде

кочничар на реформите на локалната самоуправа во Република Македонија.

Замолувам навистина да се земе во предвид овој амандман. Благодарам.

**Бесим Догани:** За реплика се јави министерот за локална самоуправа, повелете.

**Зоран Коњановски:** Благодарам.

Јас кажав дека кога беше изготвуван овој закон од страна на експерти и од страна на администрацијата во Министерството за локална самоуправа беа комуницирани повеќе закони. Беше комунициран законот во Латвија, во Естонија, во Бугарија, во Словенија и точно е тоа дека некои членови ги нема во тие закони, меѓутоа не треба да бидеме само груби препишувачи на закони, треба да бидеме и кративни. Ние едноставно самите правиме модел кој сигурен сум дека ќе функционира во Република Македонија. Не знам од каде толкава сигурност, пратеници да кажуваат месец и една година пред да почне да функционира законот дека овој закон не е добар, нема да функционира, а имале можност да направат еден таков закон уште во 2006 година, бидејќи според програмата НПИ овој закон требало да биде готов во 2006 година. Сега наеднаш грижа како ќе профункционираат тие центри за развој на планските региони, кој ќе ги финансира.

Со амандманот кој го поднесоа група пратеници да се брише член 62 се предвидува целосно да се финансираат тие центри од општините, а од друга страна се залагаме за финансирање на тие центри од централната власт. Значи нема логика амандманот и затоа не го прифаќаме. Ние предвидовме со амандманот во првите пет години, додека застанат на нозе општините, додека почнат добро да профункционираат тие центри да им помогнеме и од страна на централната власт да кофинансираме во успешното работење во центрите за развој на планските региони кои ќе имаат многу суштинска задача во овој закон, да го промовираат регионот, да изготвуваат плански документи, да изготвуваат проекти за име на општините. Значи ќе бидат од голема корист на општините. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Коњановски.

Контра реплика од една минута има господинот Никола Ќуркчиев, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам потпретседателе.

Почитуван министер, мислам дека и сами знаете дека илузорно е да дебатираме за нешто што нема основа.

Законот е многу лош. Јас знам дека и вие го знаете тоа. Нема ваков пример во Европа. Јас ги читав законите, и Словенечкиот закон и Законот на Бугарија, Естонија, Хрватска и сл., ова е прв пример во Европа да се носи закон за рамномерен развој, вие тоа го знаете без стретегија. Ова е обид да покажеме на светот и на Европа дека ние тоа можеме да го направиме. Не можеме.

Втора работа ако базичен закон ни е Словенечкиот, Законот за рамномерен развој во Република Словенија, кажете ми во кој дел ние можеме да се мериме со Република Словенија која е земја членка.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Има збор господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам потпретседателе.

Очигледно не вреди да се биде конструктивен, можеби јавноста тоа ќе го цени, без разлика што 12 пратеници од опозицијата го прават кворумот за да продолжиме со работа, повторно министерот не убедува и зборува за 2006 година. Би сакал да го потсетам овде да го брани законот, а не да зборува за 2006 година.

Можеби сме ги прочитале законите од Естонија, или Министерството ги земало законите од Естонија, Бугарија, Словенија, ама и неколку пати до сега кажаа моите колеги и јас дека ниту сме балтичка земја, ниту сме Бугарија, недај Боже, дојдовме до ситуација да дискутираме за закон врз база на ситуација во други држави, а да не си ја познаваме сопствената. Затоа зборуваме или се обидуваме со амандмани да го поправиме овој недоречен закон и она што постојано го зборуваме, закон кој што во втората фаза не ја има видено светлината на расправата во рамките на ЗЕЛС. Затоа го понудивме и овој амандман, ајде што не го вклучувамер ЗЕЛС да биде дел од носителите за креирањето на политиката за рамномерен регионален развој, каде не ги вклучуваме ЗЕЛС во методологијата, во проценката, во сите оние параметри што би ги чинеле овој закон, или би биле предуслов овој закон да биде подобар и полесно да се имплементира, туку и со членот 62 им наметнуваме едно решение да ги финансира центрите за развој на планските региони.

Ако го погледаме ставот 3 за реализацијата на средствата, градоначалниците членови на Советот на планскиот регион се должни претходно да обезбедат 50% од средствата потребни за функцинирање на центарот. Знаеме со какви проблеми кубурат градоначалниците, општините, но прво ќе им гиземеме средствата, или некако ќе треба да ги покриеме, не знам како тоа мисли да го направи Владата.

За тоа треба да ни одговори министерот и да ги вложат во центарот, а потоа да ги користат средствата за тековни секојдневни проблеми на граѓаните кои живеат во таа општина.

Како што со ставот 3 им се наметнува барањето 50% од средствата веднаш да им ги земе некој на почетокот на годината, не знам како тоа планираат да го имплементираат, така во ставот 1 останува недоречено како тие 50% ќе ги распределуваат општините, кои што припаѓаат во тој плански регион. Значи, во тој плански регион ќе влезе една голема крупна општина, ќе влезе и

една малечка општина што нема ни 10 илјади евра буџет, или пак некоја ќе влезе со стотици милиони евра буџет. Како тие внатре ќе ги распределат, мислам дека треба тука да добиеме еден одговор, за да можеме и да расправаме. На овој начин и овој член е еден типичен пример за недореченоста, за неискомуницираноста со ЗЕЛС и член кој што не ќе може да се имплементира реално, оние што ги познаваат работите, ќе знаат дека ова е неможнода се имплементира.

Затоа, го понудивме овој амандман да го подобриме, колку што можеме како пратеничка група на СДСМ овој закон, а останува, бидејќи министерот очигледно во 2006 година да го убедиме парламентарното мнозинство, кое се надевам е во 2007 година, па да го прифати овој закон. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Макрадули.

Реплика има минстерот за локална самоуправа, повелете.

**Зоран Коњановски:** Благодарам потпретседателе.

Јас уште еднаш сакам да напоменам дека со овој член Владата има дадено преодно решение во наредните пет години да ги кофинансира центрите во соодност 50% со 50%, кои би ги дале единиците на локална самоуправа. Ако се прифати ваквиот амандман од групата пратеници, тоа значи дека од првиот момент центрите ќе бидат финансирани исклучиво со средства од локална самоуправа.

Господине Макрадули, јас сум подготвен да го прифатам овој амандман, но кажете ми и одговорете ми, меѓутоа, тоа ќе биде на штета на единиците на локална самоуправа.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Коњановски.

Господинот Јани Макрадули има една минута за контра реплика, повелете.

**Јани Макрадули:** Веројатно, долгото елаборирање на законот овде и бранење од страна на министерот, можеби доаѓа до некои недоречени ситуации.

Прво, ако се избрише овој член, тогаш по логиката на законот и како што со законот 100% ќе бидат финансирани од држават, а ако од дуга страна не мислите дека е така, а сте загрижени за општините, промашувате две работи.

Прво, не го консултирате ЗЕЛС.

Второ, не сте можеле да го изберете 80 : 20%. Значи, 80% да плаќа државата а 20% општините. Проблем е што ги терате општините 50% со задолжително на почетокот по став 3 да им ги земете парите, без никакви на тие 50% да ни објасните како ќе ги распределат општините со тој плански регион.

**Бесим Догани:** Благодарамгосподине Макрадули.

Има збор господинот Оливер Спасовски, повелете.

**Оливер Спасовски:** Благодарам потпретседателе, почитуван министер, почитувани колеги пратеници.

Јас воопшто не сум изненаден што Владата не го прифати овој амандман, впрочем тоа ако се стореше ќе излезеа од нивниот концепт на една апатија на овој закон, на закон кој што нема да биде применлив и добро да функционира. Меѓутоа, заради граѓаните на Република Македонија, мораме да ги кажеме нашите аргументи, кои што впрочем ги кажувавме по сите амандмани, со кои што сметавме дека ќе го подобриме законот за рамномерен регионален развој и во вистиска смисла ќе ја спроведеме заложбата, навистина да оствариме рамномерен регионален развој, што впрочем со многу од законските одредби ќе биде во спротивност со тоа што овде се говори и се залага Собранието на Република Македонија. Меѓутоа, времето ќе го покаже тоа и граѓаните ќе го оценат.

Мислам дека со прифаќањето на овој амандман, прво, ќе се создадеше можност подеднакво на целата територија на Република Македонија да профункционираат ваквите центри, заради тоа што државата треба да ги финансира. Тоа е впрочем и една од уставните одредби за тоа и вчера еден од моите колеги на СДСМ говореше, каде што во Уставот на Република Македонија во членот 57 исклучиво стои дека “Републиката го поттикнува економскиот напредок и се грижи за порамномерен, просторен и регионален развој, како и за побрз развој на стопанско недоволно развиените подрачја. Во законското решение кое што е понудено од страна на Владата и кое што се брани, без некакви посебни аргументи, стои дека непосредното работење на центарот за развој на планскиот регион во првите пет години се финансира од Буџетот на Република Македонија и од Буџетите на единиците на локална самоуправа кои влегуваат во состав на планскиот регион во однос 50% : 50%. Со тоа им помагаме на локалните самоуправи, наместо доколку има добра волја Владата на Република Македонија навистина да помогне подеднакво на сите локални самоуправи во Република Македонија, тоа да го стори со финансирање на работа на вквите центри за развој на планските региони.

Договорот се случува, меѓутоа претходно е дадена една обврска да се обезбедат 50% од средствата потребни за функционирање на центарот од буџетите на единиците на локална самоуправа во состав на планскиот регион. Ќе бидеме доведени во ситуација едната поголема локална самоуправа да може да финансира дел од средствата за планскиот регион, како и дел од средствата кои што ги предвидувате за кофинансирање на проектите 50% + 50%, а оние општински центри и локални самоуправи, кои што и во овој момент немаат доволно финансиски

средства за реализација на одредени проекти, за да можат да ги решат проблемите на граѓаните, тоа се помалите општини, ќе бидат доведени во ситуација да не можат ниту да учествуваат во формирањето на ваквите центри за развој на планскиот регион, со неможноста за плаќање за дел од средствата во буџетите, ќе биде доведен во прашање договорот за формирање на ваков центар во однос на финансирањето и да ни се случи во најголем дел на територијата на Република Македонија да не можеме да ги формираме центрите за развој на планскиот регион. Ех, тогаш, ќе треба да даде одговор министерот за локална самоуправа зошто и на кој начин не профункционира во овој дел законот. Истото е и во делот на проектите што ќе се покаже како погрешно кофинансирањето 50 + 50 обврзано со закон. Иако, како еден од аргументите тогаш при бранење на тој амандман, се понуди дека и во моментот се финансира дел од средствата со кофинансирање. Да, ама тоа е според можностите на локална самоуправа, никаде поврзано со закон или со ниту еден друг акт за кофинансирање помеѓу единиците на локална самоуправа и Република Македонија. Мислам дека ако Владата постојано во овој изминат период, па дури и сега, изненаден сум и од тврдењата дека еве за прв пат правиме нешто вакво, законско решение во кое што ќе направиме рамномерен регионален развој, а впрочем имаше закон за недоволно стопански развиени подрачја, треба многу посериозно да се пристапи кон подготвување, меѓутоа и кон применување на ова законско решение. Инаку, во спротивност ќе биде само дека направивме дебата од неколку дена во Собранието со нудење на наши аргументи и се прифати решение кое што нема да биде применливо и решение кое што нема да даде ефекти и резултати, едноставно само ќе се фалиме дека донесовме еден закон кој што ќе биде во согласност со европските барања и сусогласување на законодавството со Република Македонија, а квалитетот да биде еднаков на нула. Дури тогаш мислам дека ќе треба да бидеме доблесни да ги признаеме сопствените грешки во делот на интенцијата која што се направи во овие некоку дена во Собранието, ниту еден суштински амандман од страна на опозицијата да не биде прифатен од страна на Владата. Заради тоа мислам дека со бришењето на овој член, Владата ќе преземе и обврска, меѓутоа ќе покаже и одговорност во делот на спроведувањето на овој закон, ќе овозможи подеднакво во сите региони во Република Македонија да се финансираат овие центри да можат да проработат и на тој начин да ги почувствуваат сите граѓани ефектите од донесувањето на ваков закон. Инаку, ако тоа го оставиме 50% да ги финансира локалните самоуправи, тогаш нема што да очекуваат граѓаните од локалните самоуправи, што и во овој момент со сопствените финансиски средства не можат да им обезбедат основни услови кои што им се потребни за живеење. Тоа се скоро една половина од вкупниот број на локалните самоуправи во Република Македонија, што ќе биде спротивно, реков, на заложбите на Владата, меѓутоа и на Парламентот за имање на ефикасност во рамномерниот регионален развој. Заради тоа, мислам дека овие аргументи требаше да ги чуе јавноста и убеден сум дека парламентарното мнозинство, како и до сега покажа дека нема минимум демократски капацитет да послуша аргументи, кои што се во корист на граѓаните на Република Македонија и да усвои еден од суштинските амандмани. А, на овој начин со усвојување на овој амандман директно ќе се овозможеше да имаме заживување на рамномерниот регионален развој во цела Република Македонија. Инаку, во спротивност ќе биде сосема погрешно, како што е впрочем и целата концепција на законот, меѓутоа така избраа господата од власта и нека тераат, а за тоа ќе судат некогаш по некое време граѓаните на Република Македонија. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Спасовски.

Има збор госпа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам потпретседателе.

Почитувани колеги, господине министре.

Околу цнетрите за развој на планските региони веќе говоревме кога имавме поднесено амандмани, со кои се обидувавме да понудиме многу попрактично, пореално, многу поефикасно и поприменливо решение околу формирањето на центрите за развој опфатени во вашиот Предлог закон во членовите 24, 25 и 26. И, повторно ќе ја кажам истата дискусија. Вие сте ги замислиле центрите за развој на планските региони во својство на правно лице формирани од страна на единиците на локална самоуправа кои влегуваат во составот на планскиот регион. Во членот 24 став 4, велите “со акт за основање на центарот за развој на планскиот регон се уредува неговата организација, работа и финансирање”. И тогаш господине министре, упатив дека ниту сте обмислиле практично решение, бидејќи сте предвиделе по пат на јавен конкурс со центарот да раководи раководител кој ќе биде избран од Советот на планскиот регион (ќе го причекам министерот, бидејќи навистина мислам да подебатираме околу ова решение), значи центарот за развој на планскиот регион предвидувате да биде раководен од раководител кој ќе го избира советот за развој на планскиот регион, да потсетам, составен со подеднакво учество на градоначалниците од секоја општина во планскиот регион. Да потсетам, многу јасно и многу логично, секоја општина влегува со своја сопствена судбина и по број на население и по големина на Буџет итн., и тогаш ве прашував, како замислувате да тече финансирањето на центарот и не добив одговор. Токму за тоа го нудиме овој амандман за бришење на членот 62, бидејќи е тесно поврзан со членовите 24, 25 и 26. Апсолутно Уставот е дециден “Републиката

централната власт го поттикнува, организира и ја финансира политиката на рамномерен регионален развој”. Не можете да не убедите дека ќе дојде и на намалување на диспаритетот меѓу развојот на општините, доколку дополнително ги оптовариме, дополнително им наметнеме, дополнителна бирократизација. Можеби, не прејудицирам, ќе има дополнителен број и повторно ќе бидам јасна партиски вработувања со оглед на тоа што цела политика за рамномерен регионален развој сте ја замислиле централизиран, односно по директна контрола на Владата на Република Македонија. Нај искрено сметам дека под притисок на опозицијата направивте нешто добро во овој закон, односно стратегијата која упорно се трудевте да биде донесена од Владата на Република Македонија, под наша притисок успеавме да ве убедиме да прифатите дека тоа е работа на Собранието на Република Македонија, се разбира на предлог на Владата на Република Македонија.

Господине министре, немојте да ги доведувате и понатаму единиците на локална самоуправа во финансиска не моќ, под знамето дека сакате да го развивате и да го намалувате диспаритетот. Тоа не ви врви. Немојте да кажувате дека се залагате за политика на рамномерен развој а не прифаќате не барате мислења од ЗЕЛС. Што впрочем е законска обврска. Неконсултирањето на ЗЕЛС вие не можете да не убедите дека претпоставувам со лични контакти со некои од градоначалниците не убедувате дека се согласни дополнително да кофинансираат фифти фифти 50 - 50, за тековно работење на центрите за развој на планскиот регион.

Повторно ќе ве прашам имате ли дециден одговор. Овие 50% како ќе ги делат единиците на локална самоуправа  во состав на планскиот регион. Кога зборуваме за проценти, зборуваме преку силата и моќта на бројките. Имате ли формула или пак тоа повторно ќе го ставите повторно да биде решено со некој акт на Владата. Акт кој Владата ќе може согласно своите претпоставувам дневно политички потреби да го менува без да бара согласност од Собранието на Република Македонија. Ако со овој Предлог закон се обидувате да не убедите дека сакате нормативно да ја уредите политиката и мерките за поттикнување на рамномерниот регионален развој, а од друга страна без консултација токму на повиканите на единиците на локална самоуправа само дополнително им наметнувате финансиски обврски тогаш навистина ќе имате реален проблем да објасните зошто овој амандман поднесен од страна на пратениците од СДСМ за вас е неприфатлив. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Бендевска.

За реплика се јави министерот за локална самоуправа, повелете.

**Зоран Коњановски:** Општо не се обидувам да ве убедам во нешто, затоа што вие си имате свое мислење и имате право така да размислувате. Сакам само да прочитам. Ме прашавте како ќе се финансираат? Во член 24 став 4 пишува со актот за ставање на центарот за развој на планскиот регион се уредува неговата организација, работата и финансирањето. Тој акт го носи Советот за рамномерен регионален развој. Понатаму, во член 25, пишува тековното работење на центарот за развој на планскиот регион, се финансира од буџетите на единиците на локална самоуправа што влегуваат во состав на планскиот регион. И уште еднаш сакам да потенцирам. Со вашиот амандман за бришење на член 62, со кој ние имаме дадено право да кофинансираме пет години, ако тој амандман се усвои, веќе од првиот месец на функционирање на законот, единиците на локална самоуправа ќе бидат должни сами да ги финансираат центрите. Контрадикторен ви е. Еве проверете ќе видите.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Коњановски.

Контра реплика од една минута минута госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Ви благодарам на одговорот.

Токму тој одговор и го очекував и се надевам ќе го споделам со македонската јавност.

Нашиот став е цврст и јасен. Финансирањето треба да биде на товар на централниот буџет. Затоа имавме амандмани и на членовите 24, 25, 26 затоа и предлагаме да се избрише и член 62.

Немојте да ги оптеретувате и онака да им оневозможувате развој на единиците на локална самоуправа**.** Кубурат со средства. Финансиска немоќ има. Со овие амандмани вие нив ги оптеретувате не им помагате да се развиваат. Токму тоа е причината и затоа бевме незадоволни кога немавте осет да ги прифатите и нашите претходни амандмани. Затоа бараме барем овој, па како Влада да реагирате да го усогласите текстот на Законот господине Коњановски. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Бендевска.

Господинот Јани Макрадули се јави за збор, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам потпретседателе, ајде да се обидеме уште еднаш да добијам одговор од министерот.

Значи, она што го прашавме четворицата пратеници што дискутиравме од СДСМ е односот 50:50 останува во преодниот период од 5 години на единиците на локална самоуправа.

Во ставот 3 се вели дека се должни претходно да обезбедат. Значи, на 1 јануари ќе обезбедат 50% за центарот, а потоа за се друго. Министерот го прочита членот 24 каде вели “Со акт на основање на центарот се уредува неговата организација, работата и финансирањето”. Ние тука прашуваме. Десет општини го сочинуваат центарот, учествуваат во тој плански регион во кој треба да

се формира центар. Има три вработени. Кој ќе го распредели процентуалното учество на десетте општини што ќе учествуваат во тој плански регион? Што правиме ако не се договорат? Помалата општина ќе рече не плаќам, бидејќи трите вработени сте ги зеле од една поголема општина, а од друга страна Владата ќе рече 50% ти ги земам. Тоа е нашата дилема. Како тие 50% што се обврска на општините, што се дел од тој плански регион, интерно ќе се прераспределат.

Она што го прочита министерот не загрижува нас дека актот ќе си го донесе Центарот за развој во интерес на една или на друга општина, кога нема јасно дефинирани критериуми. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Макрадули.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Пред да го ставам амандманот на гласање, би ги повикал пратениците кои се надвор од салата да влезат во салата.

Ги молам службите да ни доставаат точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат пратениците)

Бидејќи во салата се присутни 66 пратеника, амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 64 пратеника од кои 11 за, 1 воздржан, 52 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 68 по членот 67, поднесен од пратениците Трајко Вељаноски, Силвана Бонева Оливер Деркоски, Панче Дамески и Катерина Димеска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Коњановски, повелете.

**Зоран Коњановски:** Благодарам, овој амандман се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата го прифати амандманот и тој станува составен дел од текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 70, поднесен од пратениците Цветанка Иванова, Никола Ќуркчиев, Ацо Киров, Весна Бендевска, Борис Кондарко, Игор Ивановски, Есад Рахиќ, Марјанчо Николов, Влатко Серафимов, Верица Филипова, Мери Младеновска Ѓорѓиевска, Благородна Цветковска, Тале Герамитчиоски и Оливер Спасовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Коњановски, повелете.

**Зоран Коњановски:** Благодарам потпретседателе, овој амандман не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Има збор госпоѓа Цветанка Иванова,повелете.

**Цветанка Иванова:** Ви благодарам господине потпретседателе.

Овој амандман навистина нема логика да се прифати затоа што овој амандман е во корелација со амандманот кој го поднесовме на членот 29 од овој закон со кој баравме дел од средствата за поттикнување на рамномерен регионален развој да биде и понатаму одделуван за онаа категорија на население, на луѓе кои живеат во неразвиени, рурални средини и со овие сретства да им се плаќа придонесот за пензиско, инвалидско и здравствено осигурување.

Ние ќе го повлечеме овој амандман затоа што нема логика, имајќи во предвид дека претходниот амандман не е прифатен, но уште еднаш укажуваме дека не може да донесуваме закон за рамномерен регионален развој со кој потврдуваме дека Република Македонија не е рамномерно развиена во сите подрачја со кој потврдуваме дека мора, согласно овој закон, да утврдиме мерки и активности со кои ќе го поттикнеме овој нееднаков развој, а во исто време да укинуваме едно право кое граѓаните во неразвиените подрачја со децении го имале.

Ова право не е случајно утврдено. Ова право е утврдено со цел да се задржат овие луѓе во овие неразвиени подрачја за после државата да донесува ваков закон каков што сега донесуваме за да регионално, рамномерно ги развива сите овие подрачја.

Сега си поставувам прашање. До моментот додека не постигнеме приближен економски развој во овие неразвиени подрачја, кој ќе биде механизмот на Владата да ги задржи овие луѓе, да го задржи ова население да не мигрира во поразвиените подрачја, да ги задржи овие луѓе во овие неразвиени подрачја за да може да презема мерки, согласно овој закон, за развивање на овие региони.

Кој ќе биде механизмот за спречување на миграција на ова население од неразвиените подрачја во развиените подрачја, до оној момент додека го постигнеме барем минимум приближно нивото на развој во овие подрачја.

Јас мислам дека ова што го направивме односно што го направи Владата со неприфаќање на амандманот на член 29 е контрадикторно со сите аргументи за потребата односно причините за потреба од донесување на овој закон. Затоа што за кратко време ќе се случи да немаме население во оние области кои треба да ги развиваме. Тогаш што ќе развиваме?

Бидејќи сеуште не е затворен претресот по амандманите, бидејќи сеуште не е затворен претресот по овој закон, уште еднаш апелирам, Владата да се надмине, до крајот на претресот на овој закон да поднесе амандман или еве нека ги поднесе поизменети амандманите на членот 29 и членот 70 за да може навистина овој закон да се применува, да биде применлив точно за оние

подрачја за кои е неопходен развој. Инаку, верувајте прво ќе се соочиме со револт кај луѓето затоа што им укинуваме едно право кое го имале и кое право не е туку така дадено затоа што сме сакале, туку затоа што е неопходно, затоа што државата не им обезбедила еднакви или приближно еднакви услови на граѓаните, а и тие се граѓани на оваа држава, па од тие причини им утврдила едно право.

Еве нека не бидат амандмани од опозицијата, нека биде тоа амандман на Владата, но уште еднаш апелирам, ова е потребно, немојте една категорија луѓе да им ускратиме, да им укинеме едно право кое го користеле. Во момент кога сеуште не се создадени услови ова право да им биде укинато затоа што само со донесување на закон за рамномерен регионален развој не значи дека сме ја постигнале или сме го постигнале нивото на приближно еднакво равиени подрачја, ова право треба да постои затоа што со укинувањето на ова право ќе се предизвика дополнителна миграција на населението од руралните подрачја.

Ајде сега да не бидам малициозна, ваша основна заложба во предизборните ветувања или во изборната кампања ви беше овие подрачја да ги развиваме, особено се фативте за Мариово дека таму ќе правиме, ќе развиваме, како ќе ги задржиме оние 800 души во Мариово ако им го укинеме и ова право, не само Мариово, во сите општини, во сите региони имаме свое Мариово.

Затоа уште еднаш апелирам, еве, иако министерот си разговара ама баш не му е гајле што јас зборувам. Јас не зборувам за мене, јас не зборувам за категорија на луѓе кои можат да си остварат некои права, јас зборувам за категорија на луѓе на кои државата не им овозможиле да сега прво инфраструктура, основни услови, дајте поднесете амандман до крајот на претресот, немојте да го укинуваме ова право кое постоело, немојте да предизвикаме нова миграција на луѓето кои живеат во руралните подрачја и тогаш овој закон на што ќе го применуваме. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Иванова.

Амандманот е повлечен.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Слободан Најдовски, повелете.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине потпретседателе,

Еве десетина дена расправаме по овој закон кој е од исклучителна важност за натамошниот развој на Република Македонија, еден од законите кој е означен со ѕвездичка и имам впечаток не само за овој закон, туку последните денови по онаа народната “Оној што стрижел овци цел ден не отстрижел 10, па вечерта на запалена ламба ќе отстрижел 100”. Така Владата до денес до пред десетина дена ни немаше доставено закони со ѕвездички, па овие денови ударнички работат и постојано ни стигнуваат тие закони со ѕвездички и најверојатно ќе се оствари она мое зборување овде дека на крајот Парламентот ќе биде виновен што нема да се донесат одредени закони или ќе се донесат неквалитетни закони.

Сакам конкретно да укажам на овој закон. Не е битно да се донесе закон со кој ќе исполниме услов кон обврските кои ги имаме за усогласување на нашето законодавство со законодавството на Европската унија, туку е многу важно да донесеме квалитетен закон.

(Во 12,28 часот со седницата продолжи да раководи Иван Анастасовски, потпретседател на Собранието)

Сметам дека со неприфаќањето на голем број амандмани од пратениците од опозицијата и од ЛДП и од СДСМ. Со неприфаќањето на тие амандмани не ги подобривме решенијата кои се дадени во самиот Предлог на закон.

Ако е основната цел која сака да се постигне со Законот да се отстранат постојните диспаритети во степенот на развиеност на одделни региони во Република Македонија, односно ако е основната цел да се надмине сегашната ситуација во која имаме страшни диспропорции помеѓу развиеноста на главниот град на Република Македонија,тоа е Скопје и останатите региони во Република Македонија, таа цел, со вака донесен закон, нема да се постигне.

За да се постигне тоа, битни се три работи да се регулираат, а тоа е прашањето на местото каде се донесуваат одлуките, кој ги донесува одлуките и со колкави финансиски средства ќе бидат поткрепени тие одлуки за рамномерен регионален развој на Република Македонија односно да не зборуваме за рамномерен регионален развој, туку да зборуваме за тоа да се обидеме останатите региони кои се недоволно развиени во Република Македонија да го фатат чекорот со централата на Република Македонија одоносно да почне еден степен на соодветен развој.

Ако ги погледнеме сите три овие битни фактори за рамномерен регионален развој од законот кој што сега ние го имаме овде, ќе заклучиме следново: одлуките понатаму ќе се донесуваат централизирано, со недефинирани до крај извори на средства односно недоволна висина на финансиски средства која што е од 1% од бруто домашниот производ и дел за користење на тие средства ќе биде оневозможен заради одредени одредби со кои што се оневозможува селата каде што има седиште на општината во град да конкурираат за доделување на тие средства.

Понатаму, согласно овој закон, Владата ќе биде централното место каде што ќе се донесуваат одлуките за понатамошниот рамномерен регионален развој во Република Македонија. Со тоа сметам дека наместо да ја јакнеме уставната

улога на Владата, а тоа е да ја има извршната функција, со овој закон ние ја поставуваме Владата во доминантно одлучувачка улога во креирањето на политиката и спроведувањето на политиката за рамномерен регионален развој. Ние не можеме да постигнеме рамномерен регионален развој во Република Македонија со 1% од бруто домашниот производ во Република Македонија односно со три милијарди денари. Или наједноставно ќе ви кажам еден пластичен пример. Според овој закон средствата кои што ќе бидат определени за еден регион за економски развој, да не прејудицирам, ама ќе бидат помали од средствата кои што годинава Владата и другите органи од извршната власт ќе ги потрошат за рекламирање. Така ли ќе овозможиме подеднакви услови за равој на сите региони во Република Македонија?

Со сконцентрирана политичка и финансиска моќ во едно место во извршната власт, во Владата наместо кон процес на децентрализација ние со овој закон фактички вршиме централизација на Република Македонија  што според мене не е добро. Таквиот наш пристап и понатаму ќе ги зголемува разликите во степеност на равиеност на Скопје во однос на останатите региони, закон кој што нема да биде пратен со адекватни промени и во даночната политика, не може да има резултати во практичното спроведување.

Со оглед на тоа што за одделни амандмани доста зборував, во оваа прилика ќе завршам со тоа дека наместо декларативно одредување за подеднаков развој на Република Македонија, тоа единствено е остварливо само со законски решенија и со одредени критериуми како тоа да се постигне. Ваквото законско решение тоа нема да и го овозможи на Република Македонија.

Од тие причини, без разлика дали некој ќе каже дека со неподржување на закон кој е во агендата за усогласување со европското законодавство, може поинаку тоа да го имплицира, нема да гласам за ваков закон, бидејќи нема да придонесе за подеднаков развој на регионите во Република Македонија.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Никола Ќуркчиев, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Почитуван потпретседателе, почитуван министре, колеги пратеници.

Пред месец дена во Собранието ја отворивме дебатата за потребата од носење на ваков закон, закон за рамномерен регионален развој. Целта беше врз основа на реални и објективни критериуми да ги согледаме и плански да ги усогласиме односите на начин како подобро да се организира животот на граѓаните во Република Македонија.

Се уште стојам на ставот дека останале обидите на предлагачот, една навистина пресериозна сфера да се регулира несериозно. Да беше поинаку немаше да потрошиме толку време на оваа верзија од законот, која знам дека и предлагачот и парламентарното мнозинство, доколку се донесе, многу брзо ќе се срамат од него.

Почитувани колеги пратеници, ваквото тотално, би рекол, различно перципирање на работите, на активностите и на настаните, се надевам дека неслучајно, дека не е намерно.

Кога еден закон  што министерот го предлага, каже дека е клучен кон патот на Република Македонија кон Европската унија, кога само за месец дена се поминуваат и двете фази, кога за истиот закон на пратениците им се оставаат два часа за поднесување на амандмани, кога за тој закон нема да се консултира буквално никој, кога нема да се водат јавни дебати кои се најавуваат на големо и на широко во државата, кога општините во Република Македонија и ЗЕЛС нема да бидат прашани што мислат за конечната верзија од законот, кога ниту една меѓународна асоцијација која работи на развојот на локалната самоуправа и локалната демократија во Република Македонија, се прескокне, кога УНДП, УСАЈД, ВНЦ, кога СОРОС и да не набројувам, ни требаат или се повикуваме на нив само да финансираат програми и проекти од локалната самоуправа. Кога сето тоа се земе предвид, сама по себе се надзира и оценката за законот.

Почитувани колеги, ако главната цел на ваков закон требаше да биде обезбедување на стабилна и кохерентна правна рамка која отвора можности и го олеснува, а не го усложнува развојот на општините и регионите во Република Македонија, ако законот требаше да придонесе за вградување на општите правни принципи и раководења на Европската унија во оваа област, ако се бара јасни институционални аранжмани за управување и имплементација на регионалната политика од една страна, а од друга страна унапредување на европските и националните принципи за регионалниот развој, не ни останува ништо друго туку да констатирме дека постојат европски принципи за регионален развој, а за националните ќе почекаме во догледно време да ни бидат понудени.

Почитуван министер, Република Македонија е земја кандидат. Зарем тоа не беше доволно да го смениме и нашиот однос и да почнеме да се однесуваме сериозно, со вакви одлучувачки работи, за единиците на локалната самоуправа во Република Македонија односно општините. После се, ако го донесеме овој закон веројатно виновен ќе ни биде некој друг.

Не може, почитувани колеги, земја кандидат да не ги почитува и да не речам грубо, се поигрува со фондаменталните принци на регионалната политика на Европската унија. Нема иргање со телата за просторно планирање на Република Македонија. Не може Советот за регионален развој да биде повеќе политичко отколку професионално тело. Дали навистина сте помислиле што ќе се случи ако Советот за регионален развој најави средба со Владата на

Република Македонија, ќе се знае ли кој во кое својство е присутен на состанокот. Имено, не може да се предвиди проценка на ефектите на имплементација на законот и каде е таа во законот, ако знаеме дека истата е задолжителна. Земете го членот 36 или било кој друг, за сите оние општини кои немаат можност, а сакаат да добијат согласност и да конкурираат на јавниот повик со свои програми. Меѓутоа, што ако седиштето им е во град, а бараат средства за развој на селата. Тие во таков случај се должни да обезбедат 50% од средствата. Очигледно предлагачот заборавил дека во Република Македонија имаме единствена и еднostепена локална самоуправа. Можеби министерот заборавил, но треба да знае дека барем половина од општините во Република Македонија имаат сериозни проблеми во своето секојдневно финансиско, просторно, кадровско итн, работење. Значи, повеќе од јасно е дека одделни општини кои имаат обичен кадар, ќе подготват подобри проекти и програми и со тоа ќе имаат повеќе шански за добивање средства и место балансирање на оваа состојба, предлагачот на законот вели, ако имате 50% средства, повелете конкурирајте, ако не заборавете.

Почитувани колеги пратеници, јас знам дека и со усвојување на сите амандмани кои беа дадени од пратениците или од опозицијата, сосема сеедно, тешко дека ќе добиевме подобар, или посериозен закон. Но, убеден сум дека делумно ќе се намалеше јазот помеѓу одделни региони во Република Македонија. Вака, едноставно ни останува да констатирам и да тврдам дека тој јаз ќе се продлабочи. Но, така е тоа кога го носиме законот, или најважниот закон, според министерот за локална самоуправа, не по редовна туку по итна постапка. Едноставно, ниту личи, ниту оди.

Кога го прочитав на Република Словенија побарав да видам кој се учествувал во носење на последната верзија од законот. Тогаш видов дека законот го изработиле угледни словенечки експерти, Асоцијацијата на локални заедници, што ќе рече ЗЕЛС на Словенија и по добиено повратно мислење на експертите на Европската комисија, сите нивни забелешки се вградени во финализација на текстот.

Почитувани колеги носењето на било кој закон од сферата на локалната самоуправа, секогаш било тешко и сензибилно. Со носење на еден ваков закон што е предложен, мораме да бидеме свесни дека развојот во Република Македонија дополнително ќе се усложни во одредени подрачја. Не може да се заборави дека во Република Македонија постојат се уште области или сериозни области кои заслужуваат посебен третман. Овој закон воопшто не ги третира специфичните околности во одделни региони во Република Македонија. Нема ни збор за областите опфатени со конфликтот, загуба на домови, трауми, враќање на раселените лица, загрозена доверба итн.

Што се случува со традиционалните индустриски области кои се соочуваат со актуелни проблеми, со долгогодишна невработеност, сиромаштија и социјални проблеми. Ургентно се наметнува потреба од создавање на нова економска основа, фокусирана, се разбира на развој на мали и средни претпријатија, промена на културата од летаргија и загуба во креативност и продуктивност.

Планските региони во Република Македонија се приказна за себе во овој закон, заради тоа што тие сами по себе изгледа се виновни што работат и живеат во специфични природни услови каде што има недостаток на основни и јавни услуги, имаме слаби здравствени услуги, ниско образование, итн.

Граничните региони, кои милуваме да ги спомнуваме само кога конкурираме за проекти пред Европската комисија, а и јас доаѓам од еден ваков регион, или тие, или пак законот има сериозен недостаток и тој треба да се потенцира. Ни збор не е кажано дека овие региони имаат сериозен недостаток на инвестиции во приватниот сектор. Не знам кој се треба да се моли во Република Македонија. Еве и после 8 месеци на новата власт, се уште не се распишуваат тендери за градежно неизградено земјиште, аферите од типот на дивоградби и носење на закон се уште се мисли на именка и со предложениот закон сите овие работи дополнително ќе се искомплицираат и ќе ги искомплицираат и така сложените нивоа и процедури, евентуално мерки и логично и нормално е кога ќе дојде некој странски инвеститор, да не можеме да му објасниме се, а овде со денови зборуваме за регионален развој. Затоа нашиот предлог и во првата фаза беше почитувани колеги, да не брзаме со носење на закон за кој воопшто не сме подготвени ниту ние ниту јавноста и дека најпрво треба да видиме кои од досегашните општини во Република Македонија работат позитивно, кои од општините се подготвени да соработуваат на регионални програми, а кои не и врз основа нас фундаметалните принципи на регионалната политика, требаше најпрвин да ги дефинираме јасно нашите темели, националните темели на регионалната политика и да направиме јасна политика помеѓу надлежностите, помеѓу инвидуалните носители на развојот и се разбира задолжителна подготовка на приоритети. Не можеме да носиме закон ако немаме приоритети.

Почитувани колеги пратеници, ќе ми дозволите, пред да кажам како ќе гласа пратеничката група на СДСМ да кажам неколку работи кои се суштински за денешната наша одлука.

Во законот, земете го било кој член, земете го членот 30 и ќе видите дека отсуствува минимална анализа на состојбите. Како да не сме свесни за диспаритетот на степенот на развој во одделни региони во Република Македонија, иако декларативно сите сме за. Но, доколку сакаме

силна и економски развиена Македонија, мораме да направиме се за да постигнеме балансиран регионален развој.

Почитувани колеги, прашањето е кој е тој што треба да овозможи регионите наместо потрошувачи да бидат двигатели на економијата. Се додека централната власт не сфати дека од нејзин примарен интерес е вистинското партнерство со локалните чинители, нема ништо од започнатиот процес на децентрализација на власта, за регионале рамномерен развој, не можеме ни да помислиме.

Амандманите со кои се бараше Владата да ги покани локалните актери во иднина, на сеопфатна дебата која ќе даде одговор на клучните прашања и предизвици, дефинирања на заедничките приоритети и финансиски истите да ги подржи, предлагачот без размислување ги одби.

Почитуван министер, ова е прв пример, ќе повторам, во Европа да се нови закон за рамномерен регионален развој, а при тоа да не се земе предвид стратегијата за регионален развој за која вие велите дека ќе биде готова за 15 дена. Зошто тогаш ние брзавме да го донесеме законот, кога знаеме дека стратегијата има за цел да го редефинира односот помеѓу централната и локалната власт. Успешна стратегија е само онаа која ги допира вистинските проблеми со кои се соочуваат луѓето во локалните заедници. Затоа, не требало многу, туку едноставно да го земеме примерот, да речеме на една Хрватска, која исто така е земја кандидат. Таа направи повеќе стратегии и сега во овој момент изготвува нова стратегија која ја нарече стратегија за нов рамномерен регионален развој и подготвува нов закон, закон за рамномерен, меѓутоа рамковен закон за рамномерн развој. Меѓутоа најважно од се е сериозноста на поглавјата во тој закон. Имено, едно од поглавјата е намалување на јазот на социјално економскиот смер, интеграција на пазарот и економијата во единствен пазар на Европската унија. Разработуваат тема како да ги користат структурните фондови на Европската унија, изработка на посебна студија за конкурентност, бидејќи во Република Хрватска имале голем број на невработени кои биле во години, значи застарена работна сила итн.

Не можете, почитуван министер, да велите дека законот брзаме да го донесеме за да можеме да ги користиме средствата од ИПА фондовите односно Програмата.

Сакам уште еднаш да укажам и на сите оние кои велат дека тоа е основната причина за носење на овој закон. Точно е дека ИПА програмата стапи во сила 1 јануари оваа година, меѓутоа регионалниот развој е само една од петте компоненти на оваа Програма.

Почитуван министер, доколку навистина сакам да ги користиме не малите средства од оваа Програма некаде околу 70 милиони евра за 2007 година, траба да знаеме дека треба да знаеме структурите на време, бидејќи сега постои децентрализиран систем за имплементација на помошта односно поголемо учество на Република Македонија за раководење со помошта, а не како досега преку Европската агенција за развој. Средствата од компонентите за регионалниот развој, значи компонента 3, 4 и 5, пропаѓаат. Значи има теоретска шанса да пропаднат овие 59 милиони евра. Меѓутоа, не заради неносење на овој закон денес.

Според моја информација во Република Македонија сеуште течат подготовките за воспоставување на неопходни структури за менаџирање на помошта. Значи, средствата за регионален развој преку ИФА Програмата нема да пропаднат поради недонесување на овој закон, туку поради бавните подготовки во Владата на Република Македонија за воведување на неопходните структури. Затоа доцнат акредатациите од Европската комисија.

Сметам дека Владата на Република Македонија многу брзо почитувани колеги од опозицијата ќе донесе нов закон за регионален развој и ќе предложи нова рамка која ќе почива на клучните принципи како и секаде во Европа, а тоа се партнерство, програмирање, мориторинг, оценка.

Сметаме дека дотогаш ќе може секој да види што закон предлагачот ни понудил, да го порави истиот и ако веќе ние како пратеници со нашите амандмани не успеавме, ќе воспостави нов модел со кој ќе се отстранат сите недостатоци во овој постојан закон.

Конечно, се надевам дека Министерството за локална самоуправа ќе стане пријател и асистент на општините, ане и кочничар. Тоа ќе може само ако конечно се свати дека специфичните регионални потреби бараат регионален пристап од дното кон врвот, а не од врвот кон дното.

Почитуван минситер, впрочем сите меѓународни експерти тоа го бараат од вас јавно да го декларирате. Во овој закон вие се декларирате или декларирате, впрочем токму спротивното.

Убеден сум дека Владата ќе успее конечно да ги определи регионите согласно Договорот со Еуростат, Европскиот статистички завод за статистички региони и конечно да добиеме исти формулации и во одлуката на Владата и во законот. До тогаш останува да жалиме што граѓаните од Република Македонија до колку се донесе денес овој закон особено од недоволно развиените подрачја ќе останат без плаќањето на придонеси за пензиско и инвалидско и здравствено осигурување, бидејки со укинување, или со донесување на овој закон во членот 69 од овој закон се вели дека престанува да важи Законот за стопански недоволно развиени подрачја. Жалам што таа категорија на луѓе токму ние пратениците со нашето гласање за ќе ги осакатиме, ќе ги навредиме и повредиме, а тие и така се повредени.

Со носење на овој закон според мене не значи ништо друго туку воведување на еден вид на мораториум на сите развојни активности во општинските организации, во локалните самоуправи и воведување, или поттикнување на еден сив вакум што може да резултира само со една единствена работа, а тоа е стагнирање на развојот и таму каде што го имало и до сега и продлабочување на разликите во Република Македонија во одделни региони, со што уште еднаш на најгруб можен начин ќе покажеме дека работите од јули 2006 година наваму апсолутно не се променети. Напротив стануваат дури и полоши.

Почитувани колеги пратеници мислев дека клучни системски прашања нема да се доведеме во ситуација да се повторуваме, да се делиме на позиција и опозиција, на патриоти и не сметајќи дека тој период е зад нас и дека сега треба сите да покажеме дека можеби доаѓаме од разни краишта во овој Парламент но со иста цел. Можеби исто како и во предлогот за носење на ваков закон, кажав тогаш ќе кажам и сега лебди и премногу е присутна според мене најаата, ако може така да ја наречам, од воведување на двостепена локална самоуправа во Република Македонија. Ако е тоа точно да ни е Господ на помош.

Ако клучни фактори на развојот секаде, па и кај нас треба да бидат човечките ресурси и локалното знаење, ако локалните актери и иницијативи се битен сегмент во тој развој, ако знаеме дека локалните развојни иницијативи исто така претставуваат сегмент кој што треба да се респектира и почитува, ако локалните природни и материјални услови ги почитуваме мислам дека со право ќе бидеме отворени кон сите претприемачки иницијативи без разлика од кој регион на Република Македонија доаѓаат.

Сеуште од претходната до оваа фаза стојам на убедувањето дека премногу нешта кои требало да бидат дефинирани и појаснети во законот се останати за регулирање со подзаконски акт. Истовремено сакам уште еднаш д апотенцирам дека ако словенечкиот закон кој што беше база за носење на овој има повеќе од 20-тина подзаконски акти, да не ги цитирам иситте кои се, од унапредување на балансираниот регионален развој, декрет за стандардна класификација на територијалните единици, правила за составот, организација и целите на националната агенција за регионален развој, значи тие зборуваат за правила, за состав, за организација и за цели кај нас тоа е мислена именка.

Инструкции за минимум задолжителна содржина, методологија за подготовка и методи за моритоaccording и оценување на Програмата за регионален развој, одлука за формирање состав и организација и цели на Советот за структурна политика, декрет за критериуми и т.н., повеќе од 20. Колку тогаш подзаконски акти ќе бидат потребни почитувани колеги за овој закон за кој што ние денеска расправаме и евентуално би го донеле.

Предлогот за разлика од иницијативата за носење на овој закон ја дава структурата за составот на Советот за рамномерен регионален развој, меѓутоа го дефинира токму она што укажав и претходно, ја дефинира задолжителната политичка структура по можност, се разбира секогаш таа е од владеачката гарнитура и некако срамежливо допушта можност за вклучување на стручни лица.

Почитуван минситер без постоење на локален менаџмент со визија за економскореанимирање на нашите општини и посветеност на нејзино афирмирање на локално и на регионално ниво тешко дека ќе може некој да направи нешто без застапување на повисоките нивоа на власта. Тешко дека ќе може да направи нешто некоја општина без подршка од Владата. Знаете ли каква ќе биде можеби позицијата на ЗЕЛС поносење на еден ваков закон.

По носењето на овој закон можам да замислам каква ќе биде реакцијата во ЗЕЛС, но некако ќе го прочитаат законот, бидејќи тие сеуште го немаат добиено. Никој повеќе од ЗЕЛС нема да се прашува дали созаконот не се маргинализира улогата на единствената асоцијација на единиците на локалната самоуправа, на општините во Република Македонија која што неодамна славеше 35 години, тоа што јас гокажав дека во нејзиното работење учествуваа до сега сите општини во Република Македонија, на кој му смета оваа заедница и да прекине да работи и да не функционир аонака како што функционирала до денес.

И додека вод ругите земји се формира почитуван министер национална група за партнерство која ги опфаќа претставниците на централната власт, ги опфаќа претставниците на регионите, или локалната власт, цивилното општество и социјалните партнери. Ние за партнерствоне смееме да помислиме а камо ли да зборуваме. Со ни еден сегмент не е спомнато дека некој е консултиран. Некој да влезе да му го чуеме мислењето.

Почитувани колеги рпатеници, да не должам и со други аспекти и аргументи на крај ќе ја генерализирам мојата општа оценка по Предлогот на законот за рамномерен регионален развој.

Најблагоречено носењето на овој закон според мене е усилено, преурането, не е соодветно на целите дадени во образложението. Законот е строго формален, колку да се каже еве носиме закон и едноставно, да бидам груб, тој е без содржина. Нема апсолутно во ни еден сегмент моритоinг, нема фианнсиски ресурси и нема оценки за процедурите кои што се предвидуваат. Ни збор нема за подзаконските акти, за кои веќе зборував, за декрети, за одлуки, за насоки, регулативи, деловници за работа, едноставно

кажано со нејасен концепт за материјата која што треба да ја уреди.

И, замислете, на крајот на краиштава, еве се да заборавиме сите овие денови за кои што зборувавме. Има ли еден пратеник од овие 120 кои што е убеден дури и предлагачот дека развојот на општините во Република Македонија, во наредните 5 години до 2013 година ќе може да почива на овој Предлог закон. Се разбира, дека таков нема. Ни еден пратеник не верува во тоа, заради тоа што ја знае тежината и вредноста на овој предлог проект.

Почитуван минситер жал ми е што водевме долги дебати, што голем дел на процедурите, амандмани не беа прифатени, меѓутоа можеби како што велите ќе нема пари за канцеларии, ќе нема пари за возила, ќе нема пари за намештај и слични нешта,па како тогаш ќе ги формираме агенциите за развој или како вие милувате да ги наречете регионите од кои што очекуваме процвет на економски план во Република Македонија.

Наместо како и нашите приајтели, земји кандидати, наместо да го земеме токму тоа од нив и да го препишеме, како штопрепишавме голем број на членови и да кажеме дека првите години мора да ги искористиме за имплементација на стратегијата за изградба на капацитети на сите нивоа, и на централно и на локално ниво. Без изградба на капацитети, без инвестирање, токму во првите годининие не правиме ништо. Тоа ќе биде курцијално значење, со тоа ќе се воведе користењето односно ќе ни биде пристапно користењето на структурните фондови од Европската унија. Која општина во овој момент е подготвена да конкурира сериозно за добивање на тиес редства. Но, како ќе ги користиме структурните фондови на Европската унија ако сеуште дома немаме соодветен механизам и рамка како се прави тоа. Затоа почитувани пратеници се плашам дека сериозно со овој закон се доведува во прашање концептот за локалната самоуправа во Република Македонија и ќе бидам слободен да кажам дека на одреден начин се ограничува локалната демократија како темелни уставни вредности на нашето општество.

Почитувани колеги,

Република Македонија е земја кандидат за членство во Европската унија. Тоа е процес кој покрај придобивките носи и голема одговорност и обврска. Нас ќе нибиде обврска на среден рок целосно да се усогласиме со политиките на Европската унија и во оваа област, но не ли беше доволно да знаеме дека претставниците на Европската унија кога и да ги сретнеме ни порачуваат и ни велат не си поставувајте нереални задачи. Не е најважната работа на светот да ги усвоиме сите потребни закони за хармонизација на законодавството до јуни, многу поважно и најважно над се е имплементацијата на законот кој што ќе биде донесен.

Токму во таа смисла се чудамкако е можно ние упорно да ја правиме истата грешка која само не одалечува од целта. Едноставно тврдам од оваа говорница дека законот е однапред осуден на неуспех. Во едни такви услови почитувани колеги најмалку што можеме да направиме е да гласаме против донесување на овој закон. Ви благодарам на вниманието.

**Басим Догани:** Ви благодарам господине Ќуркчиев.

За реплика се јави министерот за локална самоуправа. Повелете.

**Зоран Коњановски:** Благодарам.

Беше кажано од страна на пратеникот Ќуркчиев сумизнел мислење дека за 15 дена ќе биде готова стратегијата за рамномерен регионален развој, што апсолутно не е вистина. Јас кажав октомври,најдоцна ноември ќе ја имаме готова, изработена стратегијата за рамномерен регионален развој.

Што се однесува до рамката како општините и другите институции ќе можат да аплицираат до европските фондови точно основата се дава преку овој закон. Значи, во овој закон имаме основа за изработка на уредба да се определи начинот како општините ќе додјат до тие средства.

Инаку, слушајќи го пратеникот овие 20-тина минути мислам дека можевме да се увериме во уште една празна дискусија за овие 10-15 дена кои ги имавме во Парламентот на Република Македонија. За жал јавно кажаа дека имаа само 2 часа за да подготват амандмани, а за 2 часа не бомбардираа за овие 10-тина дена со 60-тина амандмани. 10 дена седевме во Парламентот слушајќи како бранат 20-тина амандмани и нека им објаснат сега на стечајците и на сите за кои толку се залагаат како се трошат за 10 дена над 200 илјади евра во Парламентот на Република Македонија за празни дискусии. Благодарам.

**Басим Догани:** Ви благодарам господине господине министер.

Процедурално има збор госпоѓица Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Почитуван потпретседателе јас излегов на говорница за да ја изразам својата загриженост за веќе создадената навика на минситрите кога ќе дојдат да ги бранат законските решенија кои што ги предлага Владата до Собранието наместо аргументи да искажуваат навреди до пратениците, особено до тие од опозицијата.

Што е уште потрагично господине потпретседателе, јас не можам да забележам дека од работното претседателство на Собранието на Република Македонија, тоа значи претседателот и потпретседателите дека се прекинувани и опоменувани за тоа.

Почитуван господине минситер и вие и другите претставници на Владата треба да научите дека

има некаков ред тука и меѓусебен однос и почит према институциите во најмала рака. Што би се случило ког аније пратениците лично би ве дисквалификувале и би ве навредувале. На што ќе личи тогаш Собранието, меѓутоа јас ве молам почитуван потпретседателе да не дозволите вакви навреди идисквалификации уште еднаш да се повторат од страна на минситер кон страна на пратениците. Благодарам.

**Басим Догани:** Ви благодарам.

Дали има уште некој за процедурално.

Има збор јани Макрадули, повелете.

**Јани макрадули:** Почитуван потпретседателе, мојата процедурална забелешка е до вас.

Вие сте должни да го чувате дигнитетот на Собранието. И кога минситер лаже и кога кажува невистини за тоа колку чини една седница каде што кворум треба да направи мнозинството, вие мора да реагирате за да го зачувате достоинството на Собранието, каде што сте вие потпретседател.

Доколку се служиме со инсинуации и ги вреѓаме пратениците од опозицијата, тоа е исто ваша задача, без разлика што сте од мнозинството да го штитите угледот на пратениците, бидејќи можеби некогаш, а можеби и брзо, некој од таа страна ќе се најде во опозиција. Никогаш нема да изградиме демократски капацитет кога некој мисли дека со навреди, увреди, омаловажување да го замени својот неквалитет. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Макрадули.

Јас навистина не слушнав некоја директна навреда на некој, тоа е нешто што министерот си го калкулирал како такво. Јас лично немам калкулација колку чинат овие 10 дена, така што јас не слушнав никаква навреда.

Има збор госпоѓа Весна Бендевска, процедурално три минути, повелете.

**Весна Бендевска:** Јас ќе ја замолам камерата да ја вперите кон седиштата каде што треба да седат пратениците од владеачкото мнозинство. Господинот министер до ден денес не ја образложи итноста со која ја закажа седницата за разгледување на овој закон. Мака мачиме со кворумот, кој требаше да биде обезбеден токму од неговите сопартијци, од претставниците на владеачкото мнозинство. Салата е празна, интересот за овој закон е минимален, министерот не поседува аргументи со кои ќе може да не убеди не нас, туку да ги заинтересира неговите пратеници кои треба да го поддржат овој закон. 200 илјади евра ќе треба тој да објасни зошто не убедуваше дека е итна седницата, а ние секој ден бевме принудени, иако бевме тука, учествувавме конструктивно со предложени амандмани за подобрување на текстот на овој закон, господинот министер не можеше, еве во овој момент нема ниту еден претставник координатор од ВМРО-ДПМНЕ да образложи каде им се пратениците и како ќе може да гласаме по овој закон.

Господине минситер, имате ли одговор каде е тука итноста, кој ќе ви гласа? Еве, ние сме тука, пратеничката група на СДСМ е тука и немојте да мислите дека се празни дискусиите, доколку се обидуваме да донесеме нормативен акт околу политиката за рамномерен регионален развој, вам претпоставувам, празните дискусии ви се алиби за вашата неинвентивност, за вашата неуспешност. И, многу лесно давате со оглед, претпоставувам, околу вашето брзо заминување од позицијата член на Владата на Република Македонија.

**Бесим Догани:** Госпоѓо Бендевска ве молам, не се работи за реплика. Ми се чини имавте доволно време да го искалите бесот едни кон други и мислам дека е време да му дадеме на господинот процедурално.

Николовски Александар, повелете.

**Александар Николовски:** Благодарам.

Во насока на цела глава за одржување на ред и мир, така да речам, во салата, јас мислам дека нема потреба од ваква нервоза, особено од колегите од опозицијата. Сметам дека имавме квалитетна дискусија во целиот изминат период и сметам дека дискусијата треба да продолжи во наредните часови на расправа, а гледам дека има доволно пријавени пратеници, кои ќе го искажат сопствениот став. По однос на навредите, се согласувам дека не треба да има навреди, но не треба да има навреди од двете страни, заради тоа што во процедуралната реакција на пратеничката Бендевска, исто така, слушнавме навреди кон министерот, за кои што сметам дека не се во ред. Исто така, би сакал да кажам дека секој треба да се грижи за работата во сопствената пратеничка група, а во моментот кога ќе треба да одлучуваме ќе одлучуваме и ќе видиме како ќе одлучиме по законот, дали е биде прифатен или не.

На крајот, сметам дека е одлично што опозицијата е во салата, но исто така сметам дека неможеме никого да обврземе постојано да биде 24 часа тука, заради тоа што ставот се искажува на говорница, а не се искажува од место.

На крајот, би сакал да повикам на конструктивност и на смиреност, заради тоа што сметам дека немаме потреба од вакви навреди. Ако одиме со навреда, мислам дека до никаде нема да не доведе целата работа. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Серафимов.

Мислам дека имавте доволно време двете страни .

Повелете.

**Влатко Серафимов:** Почитуван господин потпретседателе,

Правите уште еден преседан во однос на односот помеѓу опозиција и позиција. Почитуваниот колега

Александар Николовски ниту беше во салата, ниту знаеше зошто се дебатира во оваа сала. На крај, се обиде да направи еден баланс помеѓу опозицијата и посицијата односно помеѓу министерот за локална самоуправа и опозицијата. На крај или водете ги седниците на достоинствен начин, бидејќи немаше зошто почитуваниот колега да се јавува за процедура околу нарушување на процедурата, а во однос на редот и дисциплината во салата друг е задолжен. Не мора пратениците од ВМРО-ДПМНЕ да имаат обврска да создаваат ред и дисциплина во салата. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Серафимов.

Јас уште еднаш ќе ви објаснам дека сите вие сте искусни пратеници, сите вие сте многу свесни дека никој не зборува процедурално, туку си збоувата само да си ги искалите своите бесови. Јас немам деловничко право, знае господинот Макрадули оти ме гледа директно, дека по Деловникот никаде не пишува дека пратеникот мора да биде во салата, па да се јави процедурално или за збор, така што господинот Николов можеби има некоја дарба да знае што се случува, па да се пријави. Затоа, ќе ве молам, има збор господинот Никола Ќуркчиев, за една минута контра реплика, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам.

Чинам дека почитувани колеги, дека нема потреба од вакви реакции, а истото важи и за вас, господине министре.

Најпрво, да ви кажам дека јас од збор до збор стојам зад мојата дискусија. Ве уверувам, без разлика дали ќе бидете и понатаму минситер за локална самоуправа или некој друг дека мислам почитуван министре или не зборуваме за ист закон, или вие апсолутно не ги разбирате работите.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Ќуркчиев.

Збор има госпоѓа Роза Топузова Каревска.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван потпретседателе, меѓутоа морам да кажам дека ми го зедовте буквално зборот од уста, затоа што видовте дека министерот е пријавен и јас би сакала да продолжам и да почнам.

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван министер за локална самоуправа, немаше пратеник во ова Собрание кој што не се согласи дека ни е потребен закон за рамномерен регионален развој. Тоа, всушност, го искажавме и во нашите дискусии кога на дневен ред беше предлогот за потребата од донесување на ваков закон. Тогаш, сите пратеници кои што зедоа збор, без разлика дали беа од парламентарното мнозинство или од опозицијата, дадоа поддршка за донесување на ваков закон и кажавме да на Република Македонија и е потребен ваков закон, не само заради тоа да се хармонизираме со европското законодавство, туку е потребен ваков закон, затоа што навистина крајно време е да почнат сите подрачја, сите региони во Република Македонија рамномерно да се развиваат и со тоа да се прекине веќе еднаш дисбалансот кој што го имаме во економскиот развој помеѓу едни и други региони.

На таа седница беа искажани многу забелешки и да бидам искрена тогаш имав впечаток дека почитуваниот министер не слуша внимателно и дека ќе вгради голем дел од забелешките кои што ги имавме во моментот кога ќе го добиеме Предлогот на закон. Меѓутоа, за жал, не е сето она или поголемиот дел не е вградено, додека одредени работи можам да кажам дека се вградени. Но, тука апсолутно не ја гледам вината во министерот, туку напротив очигледна е тенденцијата на оваа Влада, а тоа се искажува и преку текстот на законот, затоа што говорам по текстот на законот, очигледна е тенденцијата колку може повеќе да се маргинализира Собранието. Тоа го гледаме, а потоа ќе ги набројам и конкретните членови во овој закон. Очигледно е преку овој закон да се маргинализира и ЗЕЛС, како што се маргинализираат и цели категории на луѓе, тука се докторите, судиите, универзитетските професори, значи сите оние кои што треба на еден начин да бидат носители, а тие сега се маргинализираат, се омаловажуваат и на секој можен начин се деградираат. Но, тоа ќе го говориме во законите кои што следат, а сега да се вратам на законот. Се надевам дека нема да ми забележи министерот со тоа што ќе говорам по одредени членови и амандмани, кои што не се прифатија, значи сега тоа што ни остана од законот и нема да ми ги брои минутите колку ќе кошта тоа, затоа што мислам дека веќе еднаш е ред да престанеме со тоа пред јавноста да кажуваме колку , всушност да лажеме, да ја кажуваме вистината сме задолжени, колку кошта една седница и дека тоа ќе ги покриело барањата што ги имаат стечајците. Не, почитуван министер, прашањето на стечајците сега е кај вас, вие сте власт, вие сте Влада, решете го. Дали ќе имаме една седница помалку или дали јас ќе зборувам пет минути помалку, со тоа нема да го решиме проблемот на стечајците. Ако четири месеци луѓето се пред Собранието и не се најде начин да се реши досега проблемот, со моите пет минути не верувам дека ќе се реши, како што нема да се реши ниту проблемот на тутунарите и понатаму ќе бидат тепани и понатаму Европската заедница ќе испраќа свои луѓе да види што ни се случува, на земја кандидат за Европска унија. И, понатаму, ќе ја имаме истата ситуација ако не најдеме сили да се договараме по одредени прашања, како што требаше да се договориме по овој закон.

Почитувани колеги пратеници, реков дека имаше можност со голем број на амандмани, не мораше сите, но ако беа прифатени барем некои суштински амандмани да се подобри текстот на законот и да донесеме еден закон кој што навистина ќе биде во насока на регионалниот

развој. Но, за жал, како што реков, почнувајќи од членот 6 не се прифати амандманот каде што Владата  останува и понатаму да ја донесува листата на подрачја со специфични развојни потреби. Зошто беше важно да се прифати амандманот и Владата да даде можност да не биде таа единствената која што гледаме во членот 5 ги определува регионите, потоа во членот 6 каде што се најчувствителни регионите, подрачјата со специфични развојни потреби, повторно Владата е таа која што ја одредува листата. Истото се случува и со членот 7 каде што се говори за критериумите за определување на подрачја со специфични развојни потреби, значи основни критериуми кои се и понатаму поблиски покрај овие што ги набројувам, демографскиот индекс, географската положба, инфраструктурата и тн. вика поблиски критериуми и идникатори за определување на подрачјата со специфични развојни потреби, ги пропишува кој друг, ако не Владата на Република Македонија. Значи и тука ја имаме Владата на Република Македонија. Ако го погледнеме член 10, тука мораме да кажеме и да оддадеме признание дека министерот направи една отстапка и барем малку дозволи да се ублажи онаа маргинализација на Собранието за која што јас претходно говорев и во точката 2, каде што стоеше дека стратегијата ја донесува Владата на Република Македонија, во Предлогот за донесување на закон беше на предлог на министерот за локална самоуправа, сега го немаше тука ни министерот. Но, сега со еден амандман под притисоци на опозицијата, стратегијата да ја предлага Владата на Република Македонија, а сепак ја донесува Собранието на Република Македонија.

Зошто е важно, почитувани колеги, да ја донесува Собранието на Република Македонија. Не заради нешто друго, дека ние сакаме да имаме поголеми ингеренции, пред се, тоа влегува во нашите ингеренции.

Второ, во ова Собрание почитувани колеги, седат пратеници, претставници на регионите од каде што ние сите доаѓаме. Ред е малку повеќе да се посветиме на регионите од каде што доаѓаме, поготово што голем број доаѓаат од региони каде што навистина им е неопходно да се отпочне со регионалниот развој и да се посвети поголемо внимание. Исто така, голем дел доаѓаат и баш од овие подрачја со специфични развојни потреби. Значи, токму поради тоа е добро оваа стратегија да биде донесена во Собранието да можеме и ние да учествуваме и малку да придонесеме за својот регион, а не пред нашите очи да ни се случуваат работи, како што беше ова со Тутунски комбинат и ние пратениците, без разлика дали ги тепаат тутунопроизводителите или не, да седиме овде и да гледаме како да го поминеме денот во Собранието.

Почитувани колеги пратеници, важно е стратегијата да се донесува во Собранието, дотолку повеќе што со нејзе се определува концептот, приоритетите и стратешките цели на политиката за поттикнување на регионалниот развој. Тоа е прва алинеја. Потоа, мерки и инструментите за поттикнување, финансирањето на институциите, значи во оваа стратегија ќе биде опфатено сето она кое што ќе биде основа за имплементирање на овој закон. Токму поради тоа реагираме и од тој аспект. Зошто, прво, да не дебатиравме по стратегијата, да ни беше предложена, а потоа да говоревме за овој закон. Се согласувам дека имаме обврска да ги хармонизираме законите со европското законодавство и тоа треба да го направиме, но треба да носиме и добри закони. Немаме голема корист од тоа ако носиме закони поради закони, без потоа понатаму да бидат применливи. Токму поради ова беше инсистирањето до крај да не биде маргинализирано Собранието. Во истата таа насока беше и дискусијата околу членот 16, кој што ги дефинира членовите на Советот за рамномерен регионален развој.

Тука пратениците од опозицијата инсистираа да се направи една рамнотежа во корист не на Владата, туку во корист на оние кои партиципираат, а не се дел од Владата и токму поради тоа имаше неколку сугестии, едната од тие министерот ја прифати, претседателот од ЗЕЛС да биде член на овој совет и сега имаме девет со девет. Значи, девет претставници од Владата, од министрите и тоа локална самоуправа, финансии, економија, транспорт и врски, труд и социјална политика, култура, животна средина и просторно планирање, земјоделие, шумарство и водостопанство и заменикот претседател на Владата на Република Македонија задолжен за економски прашања иако, како што овде долго се дебатираше, таква функција не постои, според Уставот на Република Македонија, но добро, еве и потпретседателот и сега имаме девет члена претставници од Владата и девет, еден претседателот на ЗЕЛС и останатите од општините, што сметам дека не е доволно и не можеме да кажеме дека министерот покажува добра волја работите до некаде се децентрализираат, што всушност е заложба која требаше да ја содржи овој закон.

Исто така не се прифати во овој совет да учествуваат членови и претставници од комисиите, сега да не ги набројувам, соодветствуваат на овие комисии кои имаат министерства, на тој начин ќе можеше  многу повеќе да се даде придонес од страна на пратениците во натамошното имплементирање на овој закон.

Морам да го искажам моето жалење што не помина амандманот на член 29 каде се бараше и понатаму да можат лица од подрачјата со специфични развојни потреби односно руралните и планински региони да остваруваат право на пензиско, инвалидско и здравствено осигурување. За жал, тоа не беше прифатено и сега тие луѓе кои треба да остварат вакво право, не велам оние

кои веќе го оствариле, за да министерот не ми каже повторно дека ја искривуваме вистината, значи оние луѓе кои допрва треба да го остварат ова право, нема да можат да го остварат и навистина не ми е јасно зошто не беше прифатен овој амандман освен ако не поради тоа што доаѓа од опозицијата затоа што, како што реков, тоа се еве народски речено мали пари за државата, а големи пари за луѓето, за народот што ги користи. Не се некои преголеми зафаќања во буџетот на Република Македонија, па да не може тоа право да се користи, ниту се толку голем број на луѓе да не можат тоа право да го користат. Објаснував при одбраната на амандманот, дека на тие луѓе им се повеќе од потребни.

Од сето ова што го кажав, иако при предлогот за донесување на овој закон, праеничката група на ЛДП ја даде својата поддршка и сеуште сметаме дека ни е потребен ваков закон, меѓутоа, за жал, со неприфаќањето на најголем број на амандмани од пратениците од опозицијата, не гледам дека се подобри законот, не гледам дека тој ќе може да се имплементира, мислам дека ќе се наиде на тешкотии во неговата имплементација и затоа реков не само да се донесе по секоја цена, а уште помалку дека во голема мера ќе придонесе за рамномерен регонален развој и најмногу ќе придонесе за оние подрачја на кои им е повеќе од потребен.

Токму поради тоа нема да го поддржам овој закон. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Топузова.

Господинот Павле Трајанов, не е присутен.

Има збор госпоѓа Валентина Божиновска, повелете.

**Валентина Божиновска:** Благодарам потпретседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван министер во Владата на Република Македонија,

Мислам дека и покрај една сериозна маратонска дебата добивме една би рекла исклучителна креативна атмосфера и од страна на опозицијата и од страна на позицијата, но исто така еден битен европски закон кој во иднина ќе значи многу за подобрување на квалитетот на животот на секој граѓанин на Република Македонија.

Имам чувство дека во идниот период донесовме еден сериозен стратешки закон кој ќе биде императив на тоа како ќе се движи Македонија и нејзините граѓани во иднина, а тоа е во смисла на инфраструктура во државата, нови места за врботување на жителите во одреден регион, конкретно критериумите содржани во законот за рамномерен регионален развој ќе одредуваат нешто што навистина до сега го немавме како закон ни како предлог од страна на сите влади, а тоа каде ќе се градат патишта, каде ќе се поставуваат нови електрични мрежи, кој вид на училишта ќе се отвараат во Гостивар, а кој во Кочани, кои ќе бидат мерките за вработување во Битола, а кои во Дебар, во кои села и рурални средини ќе се подобри инфраструктурата и како ќе се намали концентрацијата на човечките ресурси во Скопје, се разбира и нешто што е обратно, а како би ги вратиле дел од урбаните луѓе кои припаѓаат на Скопје да се вратат во Битола, односно назад од местата од каде дошле овде.

Конечно, од доследната примена на овој закон и инвентивноста на носителите како Министерство на рамномерен регионален развој, ќе зависи како конечно ќе го развиваме земјоделието, како индустријата. Притоа, паралелно и земјоделецот и работникот во фабриката под еднакво да ги уживаат своите права на еден квалитетен и достоинствен живот, како што конечно треба да се грижи Република Македонија.

Во рамките на дискусијата на овој закон во првата фаза размислував да се затвори системот на рамномерен регионален развој е значајно и за интеграцијата на Република Македонија. Впрочем европската законска легислатива укажува дека и Македонија требаше конечно да ги унифицира регионите кои влегуваат во Европа. Европа со сите разлики внатре во неа настојува новите членови во семејството да го имаат постигнато или барем да бидам блиску до европскиот минимум за тоа што значи европски регионален развој.

Имам чувство дека имаме сериозно развиени предели или да кажам еден пример од денешната заклучна дебата како еден Самоков, кој се надевам дека после овој закон ќе го видиме во една поинаква сериозна регионална инфраструктура.

Ова е сосема разбирливо ако се земе предвид фактот дека во Европската заедница една од водечките политики која се спроведува е токму политиката на регионален развој. Според дејствувањето на овој закон иако делува многу локално, е многу близок до обичниот живот. Имам чувство дека Владата навистина направила сериозен чекор во тоа, сепак тој е европски и многу човечки и многу граѓански.

Во однос на законскиот текст имав забелешки и се согласував со дел од амандманите од опозицијата и како пратеник сметам дека конкретно имаме едно квалитетно решение.

Најпрвин дозволете ми да се заблагодарам на Министерството за локална самоуправа и конечно што забелешките од ВМРО - Народна партија беа прифатени и ги искажа токму во текот на првата фаза од донесување на овој закон. Сепак онаму каде не е интервенирано ќе ги повторам нашите забелешки на пример во членот 3 каде се набројуваат целите кои треба да се постигнат со законот каде е постигнат регионален развој сеуште цениме дека целите се премногу општи, а имаше простор каде требаше да се конкретизираат. Но, министерот имаше добар одговор и изговор дека тоа со подзаконски акти ќе биде средено.

Бидејќи е доцна за интервенции во законот, тоа останува Владата да го исполни.

Водејќи се од искуството на ЕУ во регионалната политика логиката вели дека наскоро ќе треба да одредиме многу конкретни цели. Кои се тие конкретни цели?

На почетокот и ЕУ, имала неколку декларативни цели под кои таа се водела во нејзините одредени региони и во 1999 година, само да ве потсетам, тие беа три значајни и тоа унапредување на регионите кои се заостанати во развојот, т.е. региони во кои бруто националниот приход по жител не достигнува повеќе од 75% од просекот на Унијата и втората цел стопанско и социјално трансформирање на подрачјето со структурните проблеми каде навистина Македонија е крајно засегната и модернизација на политиката и системот на образование односно доквалификација на вработувањето.

Особено внимание привлекуваше и членот 5 со кој се дефинираат планските региони т.е. критериумите по кои ќе се направи територијалната поделба врз која ќе се спроведува регионалната политика, Владата решила тоа да биде статистичкиот критериум по однос на државата да биде поделена на осум региони. Прашање е дали ваквиот начин на поделба е соодветен, со оглед дека е направен со статистички цели и е утврден со акт на Владата.

Потребна е поделбата на планските региони да биде трајно транспарентна за да не дојде во текот на времето до менување на границите заради тесни политички цели.

Добро е што Владата смогна сили во последната верзија на законот преку членот 7 да ја вметне нашата забелешка дека со законот, а не со акт на Владата треба да се одредат критериумите за тоа кога едно подрачје се смета за подрачје со специфични развојни потреби.

Понатаму, стратегијата за регионален развој која се носи за период од десет години, сметавме дека треба да ја носи Собранието, а не Владата, со оглед дека се работи за долгорочен документ.

Конечно Собранието има такво искуство и надлежност во носење на долгорочни документи како овој.

Ќе се задржам на забелешката на господинот Слободан Најдовски, на неговиот амандман, ценам дека навистина беше еден од покреативните, па и одговорот на министерот кој следуваше во односот на критериумите на подносителите на проектите, навистина сметам дека во Европа веќе не постои ни еден конкурс, ништо што би можело да помине без точни и прецизни критериуми. Ако сакате за било каква награда, за било каков проект, имаат соодветни и прецизни критериуми.

Значајно е што Владата ги прифати забелешките на највисокото тело во рамките на регионалната политика, а тоа е Советот за рамномерен регионален развој и за ВМРО - Народна партија е прифатливо решението во него да влегуваат одредени членови по функција.

Ценам дека нема потреба во него да биде член и претседателот на ЗЕЛС, со оглед дека во Советот членуваат претседателите на советите на планските региони кои всушност се градоначалници на одредени единици на локална самоуправа.

Многу дискусии предизвика членот 27 со кој се утврдува дека за поттикнување на регионалниот рамномерен развој од буџетот на Република Македонија се издвојуваат средства во висина од најмалку еден процент на бруто домашнот производ, иако законската можност е отворена, доколку Буџетот тоа може да си го дозволи за регионалниот рамномерен развој да се трошат пари кои се повеќе од еден процент. Тука нема да навлеземе во делот на претпораките на ЕУ. Сепак сметам дека овој минимум е премал. Да речеме вакво искуство има Србија во Законот за култура.

Колку за илустрација колку пари се потребни за добра регионална политика во ЕУ, Унијата на мерки и инструменти на регионалната политика троши токму 37% од својот Буџет или околу 35,9 милијарди евра годишно.

Значи, согласно ова, би било добро во иднина да имаме некакво дополнување.

Во рамките на инсрументите за подобар регионален развој внимание предизвикува и отсуството на досегашното решение за недоволно развиените подрачја каде дел од парите да се користат за плаќање на придонесите за социјално и здравствено осигурување, а кои се недоволно развиени. Но, се разбира, потребно е да се направи сериозна анализа што навистина значи укинување на овој инструмент и дали тоа конечно би предизвикало сериозно ефекти во кои Република Македонија не смее да си дозволи уште миграција село град, град-село, што се случи во изминатиот век кој од државата, за жал, направи фактички држава град-Скопје, за кое апсолутно сметам дека не треба така да прозвучи во Република Македонија.

Таквата регионална политика што до сега се водеше воглавно не ја смени картата на Република Македонија по однос на развиеноста, напротив, и натаму сета концентрација на индустрија, вработување, човечки и финансиски ресурски, за жал, остана во Скопје. За сметка на тоа останатите делови наместо развој добија уназадување. Можеме на пример да ги диференцираме единствено Битола, Охрид, тоа се двата града кои имаат едно мало сериозно унапредување во однос на Скопје.

Исто така е очигледна разликата помеѓу западниот и источниот дел на Македонија особено во делот на инфраструктурата. Но, за жал, мораме да ги спомeнеме и разликите помеѓу млад човек од Битола, млад човек од Чашка, од Босилево, од Тетово, од Скопје, од Куманово, од Велес, но сите оддалечени најмногу 200

километри. Затоа државата и локалните власти ќе мора во иднина да водат сметка кои се тие инструменти за задржување на младиот човек во родните места.

Најпосле, можеби најголемата придобивка во завршната фаза на овој документ што го носиме денес Владата, наспроти првичното решение, во кое немаше членови и одредби со кои се утврдуваа критериумите, постапката и носителите на распределбата на парите за регионален развој, сега е вметната цела нова глава која се однесува на доделување на средства за поттикнување на рамномерен регионален развој.

Затоа мораме како пратеници да бидеме задоволни.

Со тоа е прифатена и нашата забелешка Владата со закон да го утврди патот на парите кои ќе одат за регионален развој.

Благодарам почитуван министре во Владата, благодарам потпретседателе, уважени колеги.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Божиновска.

Сега има збор пратеникот Илија Димовски, повелете.

**Илија Димовски:** Почитуван потпретседателе, почитуван минстре, почитувани колеги пратеници,

Сметам дека овој закон заслужува внимание и добро е што имаше расправа во која воглавно опозицијата ги кажа своите забелешки, меѓутоа, мислам дека адекватно беше одговорено од страна на министерот за локална самоуправа.

Во првата фаза беа прифатени значителен број забелешки кои беа поентирани во дискусијата во Собранието, во втората фаза исто така беа прифатени значителен број на амандмани од страна на опозицијата, што сметам на крајот на краиштата дека ќе придонесе за подобар закон, меѓутоа, од друга страна сметам дека опозицијата не треба да ја злоупотребува парламентарната говорница во смисла на започнување на одредени процеси во Република Македонија.

Јас ќе почнам со еден дел од една анализа на невладината организација “Мост” која кажува дека показател кој го отсликува диспаритетот по региони во Скопје, приходот по глава на жител е 10.090 денари додека во другите региони изнесува од 4.052 денари, до 4.580 денари. И капиталните инвестиции по глава на жител се со огромна разлика од 4.532 денари по жител во скопскиот до 1.490 денари по жител во другите региони. Мост позиционирал свој став. Детектираните слабости во изминатите години се констатирани следните аномалии: преклопување на надлежностите на различни органи на државната управа, недостатоци или недоследности во насочување на паричните средства за регионалниот развој, непостоење на еден единствен критериум за распределба на средства, не постоење на стратегија и прогрма за развој и многу други работи.

Значи, ова е коснтатација од невладиниот сектор за тоа какви биле состојбите до донесувањето на овој закон.

Јас сметам дека ние како пратеници не можеме да избегнеме од фактот дека Собранието на Република Македонија минатите неколку години воопшто нема расправано за една ваква проблематика и не е донесен закон за рамномерен регионален развој иако сме биле должни и во согласност со склопувањето на нашиот правенсистем со правниот систем на ЕУ да донесеме ваков закон во 2006 година и според член 57 од Уставот на Република Македонија каде прецизно е нотирано дека државата го поттикнува економскиот напредок и се грижи за порамномерен, просторен и регионален развој, како и за побрз развој на стопански недоволно развиените подрачја во државата.

Значи, јас сакам да потенцирам дека Министерството за локална самоуправа се повикало на одговорноста која ја носи пред граѓаните на Република Македонија и предложило еден квалитетен закон кој треба да ја регулира ова проблематика.

Што се регулира со овој закон?

Уште еднаш ќе потенцирам, се регулира проблематика која до сега воопшто не била регулирана, веројатно таквата ситуација била плод на тоа што претходната Влада или претходните влади ја злоупотребувале ваквата состојба во насока на дифузност на лоцирањето на средства од Буџетот на Република Македонија насочени за општините и регионите во Република Македонија.

Јас тука и го наоѓам стравот кај дел од опозиционите пратеници кои, базирано на сопственото искуство на менаџирање и раководење со дел од централниот буџет наменет за финансирање на одредени проекти на единиците на локална самоуправа се спротивставуваат односно се плашат од тоа што ќе донесе овој закон.

Јас можам да потенцирам дека оваа Влада и ова парламентарно мнозинство вети и ветува дека ќе работи спротивно на она што работеше претходната Влада и претходното парламентарно мнозинство во насока на нетранспарентност, немање критериуми и непрецизност во доделувањето на средствата на локалните самоуправи во Република Македонија. Оваа година апсолутно не е таква состојбата поради тоа што имаме и прецизни показатели кои можеме да ги искористиме во насока на потврда на нашите аргументи.

Јас пред неколкук дена спомнав многу прецизно некои бројки, на што не ми беше одговорено. Значи, во оваа година во делот на капитални инвестиции во основното образование, во програмата Владата има предвидено над 75 милиони денари од кои 49.750.000 денари се за општини каде градоначалници се од

опозиционите партии. За средното образование предвидени се 59 милиони денари. Од нив 42.094.000 се предвидени за општини каде градоначалниците се од опозицијата, или вкупно некаде околу 70% од средствата предвидени во Програмата за капитални инвестиции во основното и средното образование, се наменети за општини каде градоначалници се од опозиција. Ваков пример во Република Македонија, во последните 15 години се немаше случено. Можеме да потврдиме со прецизни податоци како во минатата година се делеа средствата, како во предминатата се делеа итн. Јас само ќе ве замолам да проверите колку средства во минатата година доби еден Прилеп, колку средства доби Битола, Градско, Новаци итн. Јас ви кажувам прецизни бројки, меѓутоа исто така и ве разбирам, како пратеници од една партија што имаше неадекватен начин на работење на оваа проблематика и ви го развирам стравот. Меѓутоа, јас ќе повторам дека ние ветуваме, нема да работиме како вас и поради тоа немате причина да се плашите од одредена диспропорција во спроведување на овој закон.

Што се добива со донесувањето на овој закон:

Прво се добива изградба на повеќе годишен систем на програмирање и планирање на регионалниот развој, што е многу значајно и битно. Значи со промена на министер, со промена на пратеник, со промена на градоначалник, нема да се променува повеќегодишното планирање и спроведување на регионалниот развој во Република Македонија. Повторно ќе потенцирам, тоа ќе значи намалување на моќта, индивидуалната моќ на секој пратеник, на секој министер, на секој градоначалник, врз база на лични впечатоци или роднокрајни врски, да врши злоупотреба во намената на средствата. Значи ако министерот во одреден ресор потекнува од струмичкиот регион не ќе може да го стимулира само струмичкиот регион, ќе мора да води сметка за сите региони во Република Македонија. Или ако министерот за економија потекнува од скопскиот регион, исто така ќе мора да води соодветна и еквивалентна политика спрема сите региони во Република Македонија. Се надевам дека тоа не ви смета.

Исто така, мораме да постигнеме партнерство и усогласување помеѓу централната и локалната власт. Тоа не е ништо штетно. Тоа се применува секаде во Европската унија. Тоа е и еден од критериумите што го потенцира Европската унија во проектите и програмите за рамномерен регионален развој. Минатите неколку дена ние бевме сведоци на оцрнување на таквиот однос. Значи не треба да се создаде апсолутна слободна и автономна позиција на Владата, меѓутоа, не треба таквата позиција да се создаде и на локалната самоуправа. Целта е партнерски, без разлика дали министерот е од една партија, градоначалникот од друга партија, или советот на општината, мнозинството го има трета партија. Проектите кои значат подобрување на животот на граѓаните мора да одат транспарентно и усогласено помеѓу сите субјекти кои се значајни во овој процес. Транспарентноста исто така ќе биде предност на донесувањето на овој закон. Еднаквоста, еквивалентноста и рамноправноста на сите региони.

Јас апсолутно ќе се согласам со дискусиите на многу пратеници дека одредени региони во минатите 50-60 години беа стимулирани од државата, најчесто поради не водење на еквивалентна политика, или поради водење политика на роднокрајни врски. Меѓутоа во Република Македонија останаа огромни региони, како Поречието, Дебарце, кои имаат извонредни капацитети, кои имаат можност да се развиваат во иднина, кои поради икс икс причини не беа развиени. Со овој закон ќе ја надминеме таа слабост и ќе мораме да воведеме транспарентност, еднаквост и еквивалентност во развојните политики на било која влада која ќе дојде во наредниот период.

Јас би сакал да негирам дека при донесувањето на овој закон се постапувало многу брзо, дека не била консултирана ЗЕЛС, дека не биле консултирани стручњаци во оваа област, поради тоа што тоа не е вистина. Тоа е искористено чисто од политички причини.

Процесот за донесување на еден ваков закон е започнат уште во периодот на претходната Влада, меѓутоа од непознати причини е стопиран и не е донесен во рокот во кој требаше да се донесе, во 2006 година.

Оваа Влада во првата фаза го предложи законот пред месец или два месеци. Имаше обемна дискусија во Собранието, голем број на пратеници дискутираа и голем дел од забелешките на пратениците се вклопени во законот. Тоа ретко кој го призна од страна на опозицијата, со исклучок на колешката Топузова која пред малку призна дека голем дел од забелешките во првата фаза Владата ги вклопи во Предлогот на законот што денес го имаме пред нас.

Исто така 20% неквантитативно, туку квалитативно, од амандманите кои беа во втората фаза се предложени од страна на опозицијата, се прифатени од страна на министерот, што повторно, според мене, значи една добра волја од с трана на министерот и на Владата, во насока на градење на еден конструктивен приод. Меѓутоа за да имаме конструктивна работа ќе се согласите, потребни се двете страни, што јас лично не го видов во минатите неколку дена. Значи моите сознанија говорат дека во процесот на изготвување на законот се вклучени стручњаци, бивши министри, бивши претседатели на ЗЕЛС, врвни стручњаци со дипломи од меѓународни универзитети, што значи дека онаа констатација на господинот Ќуркчиев, дека не се вклучени е апсолутно негирање на квалитетот и стручноста што ја имаат македонските стручњаци. Не би сакал да ги кажувам по име за да не ги доведеме

во една негативна ситуација, меѓутоа би замолил господинот Ќуркчиев да внимава во своите дискусии.

Исто така моите сознанија говорат дека на 23 април министерот до ЗЕЛС го доставува текстот на Предлогот на законот, тоа што ние денес го разгледуваме, со барање да се доставaт прецизни забелешки по однос на тоа. Од ЗЕЛС не е одговорено. Веројатно ЗЕЛС се согласува. И јавните настапи што ги имаат градоначалниците во медиумите, говорат во полза на донесувањеот на ваков закон.

Амандманите на опозицијата се сведуваат на неколку категории и тоа составот на Комисијата за оценка на предлог проектите. На колегите од опозицијата не им беше јасно дека во таа Комисија нема да се носи одлуката каде ќе се финансира, а каде не. Комисијата има чисто техничко пратени карактер. Така што посоле прецизирањето од страна на министерот се повлекоа од дискусијата по тие амандмани.

Дали треба со 50% да учествуваат општините чие седиште е во градовите. Меѓународните стандарди говорат, за некој да спроведе проект, мора да има капацитети за спроведување на проектот, мора да има вклученост на самиот субјект, мора да има одговорност при спроведување на проектот. Инаку ние можеме да се доведеме во ситуација, кога една општина ќе спроведува проект со поголема финансиска тежина од онаа што има буџет. Значи таа општина ќе го нема тој капацитет за спроведување на проектот. Мораме да ги примениме меѓународните стандарди. Било која невладина организација што нема изворни приходи, кога аплицира за финансирање пред меѓународни организации, се бара 10, 20, 30, 50% учество, не од друга причина, туку да се запази принципот на одговорност и вклученост на сите сегменти. Кога општината ќе даде 50% многу повеќе ќе се грижи како ќе се трошат овие средства и многу почесто ќе го спроведува проектот.

Структурата на регионите беше една друга група на амандмани. За мене е несфатливо колку политичко незрело тука настапи опозицијата. Нема да навлезам во понатамошна дискусија затоа што сметам дека ако го објаснувам мојот став ќе нанесам поголема штета, меѓутоа го кажувам мојот личен впечаток дека тука опозицијата малку ја избрза работата.

Во структурата на Советот за рамномерен регионален развој, министерот прифати амандман со кој се измени структурата.

Во Советот за развој на плански регион, она што е едно ниво пониско, веројатно опозиционите пратеници заборавија дека одлуките ги носат со 2/3 мнозинство. Во ниту еден регион ќе нема 2/3 мнозинство на градоначалн ици од една политичка партија, така што ќе мора и тука да оди принципот на усогласување, на вклученост и на партиципативност на сите субјекти, нема да може да има така наречени партиски вработувања поради тоа што ќе треба 2/3 мнозинство за било кои одлуки кои ќе се носат на тоа ниво.

Исто така министерот прифати амандман со кој стратегијата ќе се носи во Собранието, а не во Владата на Република Македонија, што исто така претставува голем напредок.

Би сакал да напоменам неколку работи кои оваа Влада ги направи во правец на подобрување на состојбата во единиците на локална самоуправа.

За капитални инвестиции во образованието, во 2006 година, овие средства одат за потреби на општините. Во 2006 година во Буџетот имаше предвидено 439.300.000 денари. Во 2007 година има за повеќе од 100%, 931.700 денари.

За тековни трансфери до единиците на локална самоуправа, во 2006 година имаше 820.000 денари. Во 2007 година има 1.053.000.000 денари, значи за 20% повеќе. Да не спомнувам дека претходната Влада за 40% пак ги намали издатоците до локалната самоуправа, по однос на финансирање на основно и средно образование.

Ова Собрание донесе неколку закони кои ќе значат зголемување на средствата во буџетите во општината, како Законот за минерални суровини и Законот за занаетчиска дејност. Не би сакал да објаснувам што значи и како ќе се зголемат приходите на општините по однос на оваа работа.

И конечно, во Република Македонија, за среќа на сите граѓани, се намалува даночната евазија, што значи дека се зголемуваат приходите кои ќе ги имаат и единиците на локална самоуправа. Така се води одговорна политика, така се води политика на вклученост и така се води политика на еднаквост на сите.

Повторно ќе кажам, ние ветуваме дека нема да работиме така како што СДСМ работеше во последните 4 години.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Димовски.

Три минути реплика за господинот Герамитчиоски.

**Тале Герамитчиоски:** Благодарам потпретседателе.

Почитуван колега, да излезеше министерот и да дадеше еден осврт на досегашната дебата или предлозите, ќе го разберев ова, но вие како пратеник да правите анализа на нешто што директно било доставено до претставникот на Владата и било барано, дали ќе се прифати или не, тоа е навистина изместување на тезите. Вие имате на почетокот на вашиот говор поставено неколку тези кои се директно насочени кон работењето на опозицијата. Јас навистина не разбирам. Сте го прочитале законот, сте го прочитале ли Деловникот, сте го прочитале ли Уставот, ја знаете ли позицијата на еден пратеник? Како можете да дебатирате и да отворате дилема зошто опозицијата се осудила да достави амандмани во функција на подобрување на еден текст. Дали тоа го признале

или не го признале, дали во прва фаза или во втора. Се знае што се носи во прва фаза, а што се носи во втора фаза. Очигледно е вашето неискуство во делот на создавање или структуирање на некој закон, а камоли во имплементација на некој закон. Ако сте го знаеле тоа, тогаш ќе знаете дека оние амандмани кои беа доставени до министерот беа во функција, пред се, најважните според мене и за кои дискутирате, да не се одземаат ингеренциите на Собранието на Република Македонија, во носење на одлуки кои се исклучително важни за рамномерниот регионален развој. И второ, мене лично ми сметаше зошто не препознавме линија на комплиментарност со други закони. Еве конкретно да посочам, колегата испомеша сега, почна да зборува за капиталните инвестиции во образованието, иако моја сугестија и моја замерка е, но не сум успеал преку амандман да интервенирам, зошто во тој Совет на рамномерен регионален развој не е вклучено и Министерството за образование и наука, бидејќи вкључително важен сегмент е образованието, после децентрализацијата, во кој има одредени ингеренции Советот на општината или градоначалникот по функција. И сега ми кажува бројки, 2006 година толку капитални инвестиции, 2007 973 милиони, за 100% поголеми. Значи се во функција на реклама.

Да ве потсетам, сега ќе дојде Ребалансот на Буџетот и ќе дискутираме колку капитални инвестиции се остварени во првите 6 месеци. Немојте така паушално да зборувате. Треба прво да се оствари нешто. Добро сте предвиделе, но да видиме колку сте оствариле. Ајде да видиме како ќе бидат реализирани сите тие силни бројки што ги прочитавте.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Една минута контра реплика за господинот Димовски.

**Илија Димовски:** Карактеристика е на колегата Тале Герамитчиоски, во сите свои реплики прво да почне со лични навреди до сопствените колеги, меѓутоа јас нема да дозволам да паднам на тоа ниво, туку ќе дискутирам за темата за која дискутирам.

Јас направив анализа на целокупниот процес на донесување на овој закон, кажав дека голем дел од вашите забелешки во првата фаза се вклопени во предлогот што го добивме во втората фаза и ги кажав сите оние амандмани што министерот ги прифати, а беа ваши амандмани, во насока на подобрување на текстот на законот. Меѓутоа и покрај тоа вие се противите. Очигледно имате политичка цел, а немате цел за подобрување на состојбата на граѓаните на државата.

Исто така во поглед на образованието, се додека вие како поранешен заменик министер сте тука, јас ќе ви ги повторувам вашите неуспеси и успесите на оваа Влада.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Димовски.

Објавувам пауза до 15,00 часот.

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,09 часот)

**Бесим Догани:** Почитувани пратеници продолжуваме со работа.

Има збор господинот Иван Анастасовски, повелете.

**Иван Анастасовски:** После 7 дена дебата по однос на амандманите за законот за рамномерен регионален развој нема што многу да се додаде или да се одземе од моја страна. Јас сакам да изразам само жалење што не успевме да постигнеме овде договор за да оваа дебата ја скратиме од 7 на 1 дена и така да ја завршиме работата, но тоа е демократскиот амбиент во Република Македонија и овде во Парламентот. Затоа јас нема да должам многу, бидејќи мојата обврска е да говорам по текстот на законот. Јас тоа нема да го направам, но само накратко ќе го кажам ставот на пратеничката група на Новасоцијалн демократска партија дека како и во првата фаза и во оваа фаза ќе гласаме за ова законско решение. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Анастасовски.

Има збор господинот Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Господине потпретседателе, колеги пратеници кои што се присутни во салата, почитуван минситре.

Ова е седми ден како дебатираме по законот за рамномерен регионален развој, иако по однос на амандманите имавме длабоки концептуални разлики со Владата и со министерот, но сепак сметам дека дебатата течеше коректно, иако министерот за многу од нашите амандмани не понуди алтернатива или аргументи зошто не ги прифати, или зошто амандманите не можат да влезат во рамките на овој закон.

Се ќе беше добро додека министерот на крајот не си земеше за право денеска да не навреди како пратеници и да ни каже дека десет дена, а како прво не се десет дена, ова е седми ден како дебатираме за закон и сме потрошиле извесна сума на пари која што можела да се употреби за некои други работи што ги наведе како пример стечајните работници.

Почитуван минстре значи ние 7 дена работевме најмногу затоа што вашата партија, владеачкото мнозинство не можеше после 14 часот да обезбеди кворум за работа на Собранието. Ако толку бевте загрижени за стечајните работници да ве запрашам за овие 60 дена колку пати ги посетивте и ги прашавте дали нешто имаат потреба и дали планирате да им го решите проблемот.

Како што им ветувавте пред изборите и како што им ветивте дека кога ќе дојдете на власт ќе им го решите проблемот бидејќи така требало, и тоа го заслужувале. Наместо да ги злоупотребувате во своите говори ви препорачувам во тие 60 дена колку што се пред Собранието да отидете и да ги посетите и во најмала рака да им кажете дали планирате или не планирате, односно дали имате храброст да го решите нивното прашање, или немате храброст како партија.

Во однос на празните дебати по законот и тоа дека само за два часа сме спремиле 60 амандмани кои што биле набрзина спремени или празно сме дебатирале да ве потсетам дека од тие 60 амандмани 11 се на вашата партија. Значи, ако за два часа се подготвиле 60 амандмани на закон и вие велите дека се водела празна дебата мислам дека сте во голема заблуда, значи празен ви е законот или тотално сте ја утнале концепцијата и смислата на она што сака да го постигнете со овој закон. И самите ваши партиски колеги кои што се парламентарци поднесоа 11 амандмани на истиот закон, што значи дека има нешто во законот што ние сметаме дека не може да ја оствари целта поради која го носиме. Во најмала рака не требаше да си земете за право да не навредувате бидејќи наша работа е, граѓаните не избрале да дебатираме, ваша работа ние сме ве избрале да нудите овде концепти и решенија, па ако не се согласуваме тоа ќе го решиме преку дебата, а не со лични навреди. Затоа сметам дека иако 7 дена државте онака како што знаевте и умеевте последниот ден паднавте на испитот на демократијата и уште еднаш покажавте дека вас Парламентот ви смета и кога се дебатира во Парламентот не можете да истрпите аргументи и критики, па затоа немајќи аргументи, контраргуметни преминувате кон навреда на пратениците.

Можеби вашите колеги пратеници од партијата ќе се согласат, но ние нема да го прифатиме тоа и секој нареден министер што ќе се обиде на таков начин да се пресметува со опозицијата, со лични нарведи верувајте нема така лесно да преминеме преку тоа.

Во однос на расправата по текстот на законот би сакал накратко да повторам некои од нашите тези кои беа кажани во овие 7 дена и кои што вие не сакавте да ги вметнете во законот.

Во првата фаза од донесување на законот за рамномерен регионален развој укажавме на многу пропусти во законот.

Прво кажавме дека законот е многу централистички. Исто така укажавме дека се врши зголемување на телата, администрацијата органите кои ќе се грижат за рамномерен регионален развој и дека Владата ја има целата контрола без да ги вклучиво тоа и регионите, а да не зборувам потесно и за единиците на локалната самоуправа во планирањето на регионалниот развој.

Вие во втората фаза се обидовте едни од нашите забелешки да ги сокриете така што како органи или носителина рамномерниот регионален развој да ги пишете само Советот и Владата и Министерството, додека другите кои што беа мислејќи дека на тој начин ќе ги задскриете само зад одредбите од законот и лесно ќе помине законот, но за жал, ние го увидовме тоа и не ви успеа таа работа. Значи, со овој закон ќе се зголеми администрацијата, ќе се усложнат процедурите за рамномерен регионален развој, ќе има нови партиски вработувања во министерствата и едноставно ќе си ја постигнете целта да си решите некои кадровски прашања во вашата партија.

Во однос на планските региони како прво кажавме дека нема валидни економски критериуми по кои овие плански региони би можеле да служат како основа за планирање на рамномерен регионален развој. Тие се региони кои што се планирани за водење на статистички операции односно пописи, статистички и други евиденции и многу малку можат да се искористат за реално планирање на економскиот развој во Република Македонија. Но, вие очигледно во недостиг на време или од неискуство да умеете правилно да ги распоредите или да ги определите регионите во Република Македонија според степенот на развиеност и тоа да служи како основа за планирање на економскиот развој сте се определиле за полесната варијанта да ги земете статистичките региони и сега на нив ќе ја градиме целата концепција, па затоа ви се други одредби во законот во кои после ќе утврдувате методологија, критериуми за определување на степеност на развиеност на општините, на регионите, итн. итн. Значи, зошто да биде просто кога може да биде сложено. Таа е едната забелешка во однос на овој закон.

Втората забелешка е тоа што, за жал, не сакавте да прифатите ширење на одговорноста за рамномерен регионален развој. Не сакавте никаде да вклучите пониските тела или власти кои треба да бидат носители на рамномерен регионален развој. Под голем притисок ја прифативте само стратегијата да ја носи Собранието додека на општините не им дадовте никаква можност да учествуват во делот на распределбата на средствата. Едноставно тоа право љубоморно си го зачувавте за вашата Влада, а веќе зборувавте дека при распределбата на средствата ние се сомневаме дека вие пред се, ќе користите партиски критериуми, а нема да ги користите реалните параметри зошто некои региони треба да добијат проекти, зошто други не.

Секаде трендот во светот еве, за овој закон, обично кога носат знакче за Европската унија министрите ќе испаднат и ќе кажат во таа земја во Европската унија е така, во оваа е така, за овој закон не слушнавме никаде. Зошто? Затоа што трендот во повеќето европски земји е да се врши децентрализација, делегирање на надлежностите,

а превземање, растеретување на товарот и одговорноста на пониските нивоа, тоа не е затоа што Владата не сака да ги испушти надлежностите, туку затоа што колку по се доближите до центарот толку се пореални можностите да се сфати основата од каде треба да почнете, пореално да се согледа состојбата и на тие основи да ги градите концепциите, а не можете вие од рамките, од канцалариите од Скопје да ја гледате цела Македонија и да кажете што и каде е потребно без при тоа да сакате да се консултирате  со другите пониски органи од власта или да ги вметнете во телата кога се прават сите тие концепции за рамномерниот регионален развој. Тоа е голема слабост на овој закон и не е во трендот на земјите на Европската унија. Тука длабоко сте потфрлиле во делот на тоа што значи приближување кон Европската унија и ако дојде време ќе видиме дека тоа ќе биде едно од најголемите забелешки на овој закон и дека тешко ќе можете овој закон да го прикажете како наше приближување кон Европската унија. Затоа што, не се такви трендовите, но вие како Влада повторно љубоморно си ги чувате сите права, ги вклучувате граѓаните само кога треба нешто да објавите некој проект во јавноста, дека еве ние нешто работиме, но кога ќе треба да им дадете и одредени права да добијат некои средства или да решаваат за тоа тогаш Владата не постапува така и си ги чува тие надлежности љубоморно за себе, бидејќи очигледна е тенденцијата не на децентрализацијата, туку на централизација на многу прашања во Република Македонија. Ние отворавме овде дебати за многу од тие прашања, за жал, министрите или не одговараа, или се служеа со напади, ниту еден не покажа реални аргументи зошто не се прифаќаат предлозите од наша страна. Така да тое е уште една голема слабост на овој закон, тоа е централизацијата која што се предлага со него и со сконцентруирање на надлежностите на рамномерниот регионален развој, пред се во Владата која што како што кажав, како иде време се доближуваат наредните избори, се повеќе и повеќе си ги прибира надлежностите сметајќи дека на тој начин ќе може на нивните градоначалници кога ќе дојде време да им помогне да ги добијат изборите, но граѓаните ќе знаат сето тоа брзо да го препознаат и соодветно на тое ќе реагираат.

И уште една забелешка по однос на овој закон е тоа што, многу малку ги поделивте општините во делот на можноста да добиваат проекти ставајќи ограничување за оние општини чие седиште се наоѓа во градот, 50% од износот на проектите со кои ќе конкурираат да бидат должни тие самите да ги обезбедат. На тој начин верувајте многу добри проекти, многи издржани проекти можеби нема да можат да влезат во конкуренцијата, а се значајни за развојот на Република Македонија само затоа што општините моментално финансиски не се доволно јаки и не се во можност да ги обезбедат тие 50%. Ако имавте намера да помогнете во развојот  на селата ќе ги симневте овие ограничувања и ќе овозможевте сите општини кои имаат села во рамките на својот атар да конкурираат со проекти многу битни за нив. А сега кога ги органичивте и кога не создадовте можност, оставивте само во руралните средини да не конкурираат, но верувајте дека така не можете да постигнете побрз развој на руралните средини бидејќи за таму е потребна сосема друга концепција, сосема други планови, а не само да почнете од селата, туку треба тогаш да почнете во тие помали општини токму од центрите каде им се седиштата и тука да почне развојот, па да се шири тој полицентричен развој. А неможе од селата да почнеме, а да оставиме таму центарот на општината да не остане можеби со некои стандарди да дојдат да се доближат до некоја градска средина. И затоа сметам дека е оправдан ставот на нашата пратеничка група да не го подржи овој закон и јас не очекувам некои спектуларни резултати, а идејата морам да признам дека беше добра и имаше потреба од ваков закон. Жал ми е што не успеавме да изградиме или да отвориме поширока дебата да ги усогласиме ставовите, мислам дека нашите ставови многу ќе ви помогнеа за добивање на поквалитетен закон и закон кој што ќе може што побрзо да се спроведе и да даде одреден резултат.

Затоа мислам дека е оправдано што ние ќе гласаме против. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Николов.

Има збор Катерина Дивеска, повелете.

**Катерина Димеска:** Благодарам почитуван потпретседателе, почитуван минстер и колеги пратеници.

Би сакала да го искажам моето мислење по однос на законот за рамномерен регионален развој и уште на почетокот сакам да кажам дека со законот за рамномерен регионален развој нормативно ќе се уреди една област која што досега воопшто не била третирана со ниту еден закон, или со друг правен акт.

По мое видување ценам дека тоа е и една од основните причини заради која што имавме донесено и предложено голем број на амандмани како од пратениците на парламентарното мнозинство, така и од пратениците на опозицијата.

Уште еднаш сакам да потенцирам дека наидувајќи на разбирање од министерот неколку амандмани беа прифатени како од опозицијата, така и од претставниците на парламентарното мнозинство се со цел овој законски текст да биде уреден и да биде практична неговата примена понатаму.

Значи, со овој закон се воспоставува систем на планирање на развојот на држават преку планирање на развојот на одделни плански единици односно плански региони со директна

вклученост на единиците на локалната самоуправа во донесувањето на одлуките.

Овој систем во целост коренсподира со процесот на децентрализација во Република Македонија т.е. води сметка за самостојноста на општините во донесување на одлуките, за планирање на развојот на планскиот регион на кој тие припаѓаат.

Од друга страна би рекла дека предлог законот нуди затворен систем на координација и комуникација помеѓу локалната и централната власт од моментот на пласирање на идеата на локалн ниво до нејзина реализација преку подготовка, избор и финансирање на конкретни проекти што ќе бидат услогласени со стратегијата за рамномерен регионален развој на национално ниво и со програмите на ниво на плански региони.

Конкретниот пристап кој ќе се предлага обезбедува транспарентност во постапката на распределбата на средстава, но што е исто така многу важно со имплементација на законот единиците на локалната самоуправа со подршка на централната власт ќе научат да го планираат развојот на подолг временски период, но и да подготвуваат квалитетни проекти, конкурентни за Европската унија.

Особено е важно затоа што единиците на локалната самоуправа треба да се подготват за да можат да ја искористат можноста што ја нудат европските фондови.

Почитувани колеги пратеници би сакала да потенцирам неколку работи од овој закон.

Имено законот за рамномерен регионален развој согласно Програмата за работа на Владата на Република Македонија е предвидено да биде донесен во првата половина од оваа година.

Врз основа на забелешките и сугестиите искажани во текот на расправата по предлог за донесување на законот за рамномерен регионален развој од страна на собраниските комисии и од расправата на собраниската седница, извршена е соодветна доработка, конкретизација и преформулација на одредени решенија, како и на начинот на уредување на одредени односи. Тука би потенцирала дека една од основните измени во оваа фаза претставува намалување на бројот на плански документи. Исто така, би сакал да потенцирам дека редефинирани се носителите на политиката на рамномерниот регионален развој и е дефиниран составот на Советот за рамномерен регионален развој. Посебно би потенцирала, колеги пратеници, дека со Предлог законот е утврдено и уредено поттикнувањето на рамномерниот регионален развој од Буџетот на Република Македонија годишно да се издвојуваат средства во висина од најмалку 1% од бруто домашниот производ уредено во членот 27 став 2. Распределбата и доделувањето на средствата за поттикнување на рамномерниот регионален развој е уредено во посебна глава 6. Имено, средствата во овој член се распределуваат во соодност 70% од финансирање на проекти за развој на планските региони, 20% за финансирање на проекти за развој на подрачја со специфични развојни потреби и 10% за финансирање на проекти за развој на села, член 29.

Со законот детално е уредена постапката за прибирање и оценување на предлог проектите. Исто така, следењето и оценвуањето на планските документи и проекти за регионален развој е уредено во посебна глава 7.

На крај, почитувани колеги пратеници, би кажала само уште неколку збора. Значи надзорот над примената на одредбите на овој закон ќе го врши Министерството за локална самоуправа. Од сите овие причини кои што претходно ги кажав, ценам дека овој закон е добар и сите треба да го подржиме. Овој закон јас ќе го подржам, а истото го посакувам да го направат и останатите колеги пратеници. На крајот, да ви се заблагодарам на вниманието.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Димеска.

Има збор госпоѓица Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Благодарам потпретседателе.

Се јавувам по текстот, заради тоа што сметам дека однесувањето на Владата по овој закон, меѓутоа и некои решенија по овој закон, даваат одредени сигнали кои што не смеат да останат незабележани и покрај тоа што ги кажав во текот на расправата по амандманите за овој закон, сметам дека треба да ги потенцирам во текот на расправата по текстот.

Мислам деак е многу опасно ако продолжи тенденцијата на овој закон под изговорот дека станува збор за закон, кој што претставува хармонизација со европското законодавство, да протнуваме решенија кои што немаат никаква врска со тоа. Мислам дека тоа претставува класична злоупотреба на знакчето на Европската унија кое што стои на овие закони кои што имаме обврска да ги хармонизираме. Мислам дека ова е еден од законите кои што сме ги добиле како ретко лоши текстови во Собранието на Република Македонија, заради тоа што претпоставувам дека е набрзина подготвуван и заради тоа што не била тенденцијата да направиме вистинска хармонизација, туку тенденцијата била да задоволиме одредени потреби или да се задоволи за одредени потреби на владеачката гарнитура.

Она што ние како Собрание би требало да имаме интенција е да носиме функционален и применлив закон, а не само да речеме дека сме усвоиле одреден закон, особено ако е тој на агендата на нашата евроспка агенда, само колку да го штиклираме и да речеме закон со вакво име сме донеле, меѓутоа решенијата во него дали се функционални или нефукционални,не е важно. За нас како држава е важно да носиме функционални и применливи закони, решение кои ќе бидат во функција на подобрување на состојбите во

државата. Најмалку е важно да носиме закони само ради ред и само колку да речеме дека сме донеле некое законско решение. Затоа, препорачувам одредени закони да се подготвуваат подобро,поконцизно, дури и да одземат подолго време, меѓутоа да имаме добри решенија за кои што тука ќе имаме согласност речиси сите.

Она што е симптоматично во овој закон е тоа што не можеме да Собрание отргнеме од впечатокот, имајќи ги предвид решенијата кои што се дадени е дека со помош на овој закон Владата одзема ингиренции на Собранието, заради тоа што она што го покажува како тенденција и во нејзиното секојдневно дејствување, Владата има стратегија би рекла, да стави под своја капа се и да го контролира функционирањето на сите институции и да ја оневозможи нивната независност, па дури кога станува збор за Собранието на Република Македонија и за други институции кои што по уредувањето на системот се независни. Морам да кажам дека таквата тенденција укажува на потребата или на воведувањето на тоталитарно однесување во Република Македонија, што е крајно лошо и на суспензија на независните институции и нивното функционирање.

Втора тенденција која што ја покажува Владата е дека и со овој закон и покрај многуте закони до сега, Владата се обидува да го маргинализира ЗЕЛС и покрај законската обврска која произлегува од системскито закон за локална самоуправа по која што ЗЕЛС мора да биде консултиран како асоцијација на единиците на локалната самоуправа за сите прашања кои што го тангираат. Ние се соочивме ЗЕЛС да биде маргинализиран, воопшто д ане биде консултиран, меѓутоа во овој закон ЗЕЛС е испуштен и не се планира ниту да биде дел од системскиот комплекс на институции кој што ќе одлучува за рамномерниот регионален развој. Ова се случув аи покрај нашите негодувања во неколку законски решенија наназад дека ваквата тенденција е лоша и дека Владата треба да ја исполнува законската обврска и мора да ги почитува законите, без разлика дали тоа и се допаѓа или не и да го консултира ЗЕЛС, д аима заеднички став со ЗЕЛС за одредени прашања кои што се однесуваат на локалната самоуправа. Ова се случува и покрај заклучокот на Генералното Собрание на ЗЕЛС во кое што се вели дека е многу лошо што ЗЕЛС воопшто не е консултиран за новата верзија на законот за регионален развој. Јас не гледам дека тука некој е загрижен заради тоа. Очигледно, по не знам кој пат, мора да го опоменеме министерот дека по интересно му е да си прави муабет со пратениците од парламентарното мнозинство, отколку да ги слуша дебатите на пратениците. Не знам дали ќе треба да ја повторам својата дискусија заради министерот, меѓутоа се надевам во некоја од тие дискусии со пратениците дека некој ќе му пренесе што сум рекла.

Наредната тенденција е што Владата во овој закон согласно член 16 став 2 и членот 16 став 4 измислува непостоечки функции, кои ги промовира со овој закон и покрај тоа што ги нема во Законот за органи на државна управа. На тој начин го прави проблематично ова законско решение. Во членот 16 се вели дека “членови на Советот за рамномерен регионален развој се заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за економски прашања”. Тоа е функција која што не постои согласно Законот за органи на државна управа. И уште повеќе, во ставот 4 се вели дека заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за економски прашања раководи со Советот за рамномерен регионален развој. Е, сега, јас бидејќине добив одговор од минситерот во текот на расправата, сметам дека е неопходно да одговори, наместо да дискутира со пратениците од парламентарното мнозинство и јавно да каже што ќе се случи до колку некоја наредна Влада одлучи да нема ваква функција во Владата. Што ако некојиден премиер смета дека нема потреба да има заменик кој што ќе биде задолжен за економски прашања, дали тогаш ќе го ставиме под знак прашање составот на Советот за рамномерен регионален развој, дали тогаш ќ го ставиме подпрашање неговото функционирање, заради тоа што се предвидува заменик на претседателот на Владата задолжен за економски прашања да раководи со Советот. Јас се прашувам, во таква ситуација што ќе се случува со Советот. Советот нема да може да функционира. Меѓутоа, дали овој неопходен чекор за да се исполни желбата на премиерот да има контрола во сите можни институции, само на една мала група на луѓе во кој што тој има доверба. И, дали по секоја цена, заради таквата оптовареност на минситерот, неговата ограничена доверба во мал број на луѓе, дали ние сме должни како Собрание да измислуваме позиции, да аминуваме позиции кои што ќе бидат само по волја на премиерот, а кои што не постојат. И, министерот ни должи за тоа образложение, заради тоа што е претставник на Владата. Тој го прифатил ваквото законско решение на Владата и сигурно има аргументи зошо ваквото решение е ставено како сопствен дел на законот. Имајќи предвид дека не ги слушнавме неговите аргументи кога дискутиравме за нашиот амандман кој што го одби без коментар, како и обично и имајќи предвид дека парламентарното мнозинство воопштоне се загрижи, се разбира заради тоа што мора да му ја исполни желбата на премиерот, јас апелирам во текот на расправата минситерот да даде образложение зошто мора непостоечка функција како заменик на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за економски прашања да биде член на Советот и да раководи со Советот за рамномерен регионален развој и што ќе се случува до колку таква позиција не постои и до колку некој иден премиер одлучи да нема заменик кој што ќе биде задолжен за

економски прашања. И ова е еден аргумент зошто сметам дека овој закон не е функционален и не е применлив. Во членовите 29 и 27 став 2 од законот јасно се гледа дека немам критериуми врз основа на кои ќе се определува висината на средствата кои што ќе се издвојуваат од Буџетот на Република Македонија, се врзани со бруто домашниот производ. Во членот 27 став 2 се вели дека тоа ќе бидат најмалку 1% од бруто домашниот производ. Меѓутоа нема критериуми како единственото образложение што го даде министерот дека тоа ќе биде врз основа на можностите. А, можностите во членот 29 се вели дека ќе ги утврдува Владата, заради тоа што во членот 29 став 1 се вели дека средствата од членот 27 став 2 од овој закон ќе ги распределува Владата на Република Македонија. Значи, останува на желбата на премиерот и на Владата да одлучат дали во даден момент ќе дадат 1%, дали 2% за рамномерен регионален развој и уште повеќе без никакви критериуми пропишани во законот, без начин на кој тоа ќе се направи, Владата ќе ги распредели, се разбира, по своја волја и по свое убедување, а имајќи предвид како тоа функционира, ова отвора простор за политизација и партизација по желба на премиерот, како ќе одлучи премиерот така ќе се распределуваат средствата од Буџетот и така ќе се определува висината на средствата од бруто домашниот производ кои ќе се одвојуваат за рамномерниот регионален развој.

Сакав да се задржам само на овие неколку точки заради тоа што сметам дека одат во прилог на аргументацијата што ја кажав на почетокот.

Ова се решенија кои ниту овозможуваат рамномерен регионален развој, ниту се решенија кои значат хармонизација со Европската унија. Затоа ги молам и министерот и пратениците од парламентарното мнозинство да не го поистоветуваат овој закон со закон кој претставува хармонизација со решенијата кои ги има и во другите земји од Европската унија. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓице Грковска.

Има збор господинот Агим Рамадани, повелете.

**Агим Рамадани:** Ви благодарам почитуван господине потпретседател на Собранието, почитувани пратеници, почитуван министер.

Еве неколку дена дискутираме по однос на овој Предлог закон кој е усогласен во согласнсот со европските стандарди и имаме таква среќа со усвојувањето на овој закон во овој Парламент да се отвори патот да се имплементираат законите кои следат и кои се во врска со овој закон и подзаконските акти на истиот закон. Значи, со донесувањето на овој закон ќе се отвори патот за искористување на фондовите за развој на Република Македонија со разни програми и проекти кои извираат од истото.

Овој закон има голема предност затоа што во своите одредби, членови, делови од законот се прави усогласување и пропорционално развивање на Република Македонија која е поделена на 8 статистички региони кои региони, условно кажано, се наречени статистички, меѓутоа, во себе опфаќаат развој на инфраструктура, со тоа и издигнување на суперструктурата на општеството и кај граѓаните на Република Македонија.

Овој закон, како што знаете, го гласа Парламентот со претходна подготовка од страна на Владата на Република Македонија и многу добро знаеме дека овој закон уште во првата фаза помина многу добро на Комисијата за економски прашања каде и опозицијата и позицијата беа согласни формата и принципот на развој на законските норми се усогласи со европските стандарди.

Исто така во првата фаза дискутиравме за овој закон и истиот стана цел на јавна дискусија било во медиумите или во разни организирања, економски комисии во текот на овој период од првото и второто разгледување, што значи овој закон денеска е поднесен во Парламентот на Република Македонија и денеска ќе го гласаат пратениците на Собранието на Република Македонија.

Тоа што вели опозицијата дека овој закон се изготвува од Владата на Република Македонија и им се наметнува на пратениците не е вистина затоа што тие цело време биле со нас, се јавувале со одговори кои најмногу ги постави опозицијата, посебно од СДСМ и јас ги поздравувам затоа што тие поднесоа една серија на констуктивни амандмани од кои некои министерот ги прифати и станаа составен дел на законот, а другите кои правеа всушност деградација или деструкција на овој закон, не ги прифати, што е сосема нормално и човечно.

Од друга страна не може законот да се акцептира и структурира во форма во која ја бара опозицијата затоа што опозицијата е сепак опозиција, таа ја нема Владата, таа може само да има влада во сенка. Една таква работа не може да помине во Парламентот на Република Македонија во оваа фаза и со овие услови кои ги имаме денес.

Сосема е нормално и природно што на опозицијата не и одговараат, меѓутоа, сосема е нормално опозицијата да помогне за завршување или заклучување на дискусијата по однос на овој закон.

Јас би нагласил во кратки црти дека овој закон веќе почнал да се спроведува и пред да се изгласа. Не на директен начин во согласност со овој закон и законските норми кои произлегуваат од овој дел на законот, туку во согласност со структурните, краткорочни, среднорочни, долгорочни планови на Владата.

Тоа значи оваа Влада овозможи во Република Македонија средното образование да биде

задолжително и со спроведувањето на Законот за средно образование почнува другата фаза на инвестиции во структурата на градењето на основните училишта во Република Македонија и на средните училишта и планирањето на градењето на 180 спортски сали во сите основни и средни училишта и градовите каде се сконцентрирани универзитетите во Република Македонија, тоа е Скопје, Битола и Тетово, што значи овој Закон фактички веќе се реализира на најдобар можен начин и Владата направи една претходна подготовка овие проекти ги усогласи, а на крајот ги заврши.

Ова изгледа малку чудно за опозицијата, не можат да веруваат во тоа затоа што опозицијата на таков начин ги има усогласено и координирано работите за да се реализира овој закон и да се направат овие капитални, големи инвестиции кои до сега никогаш во Република Македонија не се направиле ниту во комунистичкиот режим ниту во времето по 90-тите години, што значи до колку работите одат добро или до колку донесувањето на законите оди во согласност со европските стандарди како што е и овој Предлог-закон, што е подготвен во својот концепт, убедени сме дека во идните буџети на Република Македонија и во овој Буџет кој сега го имаме и со добивањето на странските кредити и разните програми и проекти кои ќе ги поднесеме пред меѓународните структури како што е Светската банка, ММФ и помошта од ЕУ за која тежнееме сите, мислам дека овој закон ќе заживее, ќе се реализира и од страна на ДПА и пратениците од истата. Ние го поддржуваме овој закон со желба и го поздравуваме Парламентот кој ќе го донесе овој закон.

**Бесим Догани:** За реплика е пријавена госпоѓица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Добро, јас сакам само да го изразам своето несогласување околу една теза на почитуваниот колега. Ако разбрав добро од преводот дека е сосема нормално на опозицијата да не и се одговара. Јас со тоа не можам да се согласам, за мене е сосема нормално министрите да одговараат на прашањата на пратениците заради тоа што сме ги бирале и за сите дилеми кои ги имаме врзани за законот, министерот е обврзан да даде одговор и да ја разреши нашата дилема.

Инаку, јас не ја гледам смислата од присуството на претставник на Владата по одредени закони. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Има збор господинот Влатко Серафимов, повелете.

**Влатко Серафимов:** Почитуван господин потпретседател, почитувани колеги пратеници, почитуван господин министер, почитувани претставници на Владата.

Во овие седум дена имавме доста опширни расправи околу законот за рамномерен регионален развој, меѓутоа, дел од нашите амандмани кои беа поднесени беа отфрлени, многу мал дел прифатени, оние несуштински, се со цел да се излезе во јавноста и да се каже дека дел од амандманите поднесени од опозицијата владеачката гарнитура, односно Владата ги има прифатено.

Меѓутоа, она суштинското кое ние се трудевме како опозиција да го наметнеме и кај владеачкото мнозинство и кај Владата на Република Македонија не наиде на одзив ниту кај министерот ниту кај нашите колеги од ВМРО-ДПМНЕ да имаат разбирање за носење на закон кој ќе биде имплементиран и неговата имплементација ќе биде многу посуштествена и многу поедноставна отколку вака ако се донесе овој закон кој ни е понуден и со овие мали измени кои ги прифати Владата на Република Македонија, односно ги прифати скоро сите амандмани поднесени од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ.

Меѓутоа, ние нема да застанеме тука, ќе продолжиме да се бориме во интерес на граѓаните на Република Македонија, во интерес на единиците на локалната самоуправа за да имаат еден рамномерен регионален развој во вистинска смисла, а не само на хартија, регионален развој кој го претендира Владата на Република Македонија, кој нуди решенија само за одредени општини, кој нуди решенија само за градоначалниците кои се од владеачката коалиција.

Ќе се надоврзам на претходниот дискутант кога кажа дека што треба да очекува опозицијата, да не мисли дека ќе и се прифатат амандмани и ред други работи. Па, да, опозицијата во овој Парламент е само да прави кворум за да донесувате закони кои ви одговараат вам и на вашето мнозинство.

(Во 15,56 часот со седницата продолжи да раководи Иван Анастасовски, потпретседател на Собранието).

Донесувањето на вакви закони можеби сега е добро, меѓутоа, не се знае по четири години, пред тоа или после повеќе години кој ќе има бенефит од донесувањето на овој закон. Знаеме само едно со ваков закон немаме рамномерен регионален развој во Република Македонија. Тоа не е став на мене како пратеник лично, туку е став на повеќето пратеници од опозицијата и на повеќето градоначалници. Ако го земеме само членот 36 во кој во текот на вчерашниот ден дебатиравме скоро цел ден и кој се однесува на финансирањето на 50% од вредноста на проектот до колку седиштето е во град и се инвестира во село, тогаш нормално е да немаме рамномерен регионален развој на селата кои гравитираат во општини каде седиштето е во град.

Почитуван господине министер, многу лесно беше да кажете донесете одлука на Советот на некоја општина и ќе се смени се, нема да финансирате 50%. Меѓутоа, дали со закон тоа ќе го правите?

Дали законот ќе го менуваме секој ден и по потреба?

Затоа сметам дека со овој закон и со укинувањето на бенефитот за неплаќање на придонеси во руралните и ридско-планинските средини, сметам дека ќе придонесеме за уште еден промашен закон, закон кој ќе нема имплементација, закон кој ќе биде декларативно ставен на хартија и закон со кој ќе излеземе пред Меѓународната заедница и ќе кажеме да, ние донесовме закон за рамномерен регионален развој, меѓутоа, тој закон нема да го имплементираме затоа што прво, нашите единици на локална самоуправа не се подготвени, второ, со децентрализацијата ние не одиме напред, туку се враќаме чекор назад, можеби ова е еден од 100-те чекори на Владата на Груевски кој не враќа чекор по чекор назад. Наместо децентрализацијата да оди со чекори напред, ние се враќаме назад, меѓутоа, тоа е став на оваа Влада, тоа е став на министерот за локална самоуправа кој смета, за да ги задоволи апетитите на неговите претпоставени, сето ова го има направено со цел да ги задоволи нивните апетити, сето ова го има направено за да се докаже дека тој е послушен партиски војник на кој ќе има бенефит оваа Влада.

Меѓутоа, што со овој закон ќе добијат единиците на локалната самоуправа, што ќе добијат граѓаните на Република Македонија и на крајот на краиштата што ќе добијат луѓето што живеат во недоволно развиените стопански подрачја во Република Македонија и што ќе добијат и дали тие луѓе некогаш што се иселиле од село во град ќе ги вратиме во оние места од каде потекнуваат.

Со овој закон, почитуван господине министер, нема шанси сето ова да им го удоволиме на овие луѓе. Со овој закон можеме да придонесеме само за уште поголема миграција од село во град.

Со овој закон во кој доминантна улога има Владата на Република Македонија, во кој советите на планските региони се запоставени и воопшто не се земаат во предвид нивните мислења се ставени во втор план. Овој закон не се носи за Владата на Република Македонија, овој закон за рамномерен регионален развој се носи за граѓаните на Република Македонија, се носи за единиците на локалната самоуправа се со цел да имаат еден развој во кој ќе има подеднакви услови за развој и на граѓаните во Битола и на граѓаните во Чешиново-Облешево.

Меѓутоа, за жал, секоја забелешка која е дадена од страна на опозицијата е сфатена како игнорантски однос кон законот и како опструкција спрема законот за рамномерен регионален развој.

Верувајте и вашите обвинувања кои беа дека опозицијата направила за два часа 60 амандмани, тоа не е обвинување, ако мислите дека не обвинувате, тоа е доказ дека опозицијата има работено, тоа е доказ дека ние го имаме сфатено сериозно овој закон и тоа е доказ дека сакавме да придонесеме законот за рамномерен регионален развој да има подобри измени, некои измени кои можеше амандмански да ги донесеме меѓутоа, за жал, немавте сенс ниту храброст да прифатите дел од нашите забелешки.

Затоа почитуван господине министер јас нема да се повикам во името на СДСМ, тоа ќе го кажат други од нашата пратеничка група, меѓутоа, јас ќе кажам лично во мое име дека ваков закон нема да поддржам, дека ваков закон кој ни го нудите во кој доминантна улога ќе има Владата на Република Македонија за мене нема смисла за рамномерен регионален развој и закон во кој Владата на Република Македонија ќе дава приоритети на проектите кои ќе бидат изработени од страна на градоначалниците во единиците на локалните самоуправи и кои ќе бидат ревидирани од советите на планските региони, Владата да дава амин, за мене тој закон не враќа назад, не враќа во централизација и не враќа уште еден чекор назад од Европската унија. Ви благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам колега.

Има збор пратеникот господин Стојан Андов, повелете.

**Стојан Андов:** Господине потпретседателе, господине министре, почитувани колеги пратеници,

Во многу сеанси се ангажиравме исцрпно на овој проект и мислам дека заслужено Собранието и пратениците го направија, бидејќи се работи за закон со кој треба појасно да се согледаат целите, да се развијат механизмите и инструментите на разрешување на еден крупен проблем кој инаку се јавува во сите земји, но кај нас е особено изразен проблем на диспропорциите во регионалниот развој и сега треба да имаме начин како ќе им пријдеме на тие диспропорции.

Вие знаете дека сите ги паметиме оние времиња кога се обидувавме со тогашни методи и инструменти, имавме и Фонд за неразвиени подрачја во Републиката, имавме посебни инструменти кои се применуваа, меѓутоа, морам да ви кажам дека тој процес на продлабочување на диспропорциите не беше запрен и дека познатите инструменти кои можеби сега инспирираат некој од нас исто така не ги дадоа резултатите и затоа е сосема оправдано што Владата сега оди со некои предлози кои сепак претставуваат иновација во оваа област и мислам дека тоа е добар приод.

Мислам дека е многу добро што опозицијата вака упорно, опширно, аргументирано, доследно се залагаше за своите идеи. Многу е важен овој проблем и многу е важно законот да биде добар.

Владата која има искрени намери да дојде до решение кое ќе функционира и ќе ги намали диспропорциите, нема да ги реши дефинитивно, но ќе ги намали овие диспропорции, што ќе доведат до ефектуирање на материјалните, природните и човечките ресурси во земјата. Сигурно од овие идеи што не можеше да ги примени, некои идеи ќе ги проучува и понатаму за

време на функционирање на законот и веројатно ќе препознае некое решение од опозицијата ако дојдат понатаму со дополнување или измена на законот, што е нормална постапка.

Ако сега во овој концепт што Владата го даде немаше место, како викаат претставниците од опозицијата за нивните суштествени амандмани, тоа не значи дека тие нема да бидат проучени, проучувани и во текот на проучувањето односно спроведувањето на законот, тоа е сосема легитимна постапка, сосема нормална постапка во секоја земја.

Иако ова траеше седум или осум дена, колку пати продолжувавме, иако изгледаше многу екстензивно и заморно, сепак ова беше многу корисна дебата, многу корисен ангажман на пратениците, ние би требало навистина да им дадеме признание на пратениците од опозицијата и да им укажеме дека не е залудно кога овде се работи. Сега општо земено не е секој закон вака темелен, вака важен, ова не треба да се земе за пример, мислам на оваа екстензивност, сигурно во нашите натамошни напори кога ќе гледаме проекти од овој карактер кои треба да не приближат кон Европа и кои водат кон хармонизација на нашето законодавство со европското, ќе треба да бидеме побрзи и поефикасни и очекувам тоа ќе биде општо расположение кај нас и дека некои обврски во побрзите реформи појасно ќе си ги извршуваме.

Општо земено мислам дека е завршена добра работа со голем општ придонес на пратениците за оваа работа и мислам со задоволство можеме да пријдеме на гласање за текстот на законот. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Има збор пратеник госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам.

Господине Коњановски, кога пред извесно време пред нас доставивте Предлог за донесување закон за рамномерен регионален развој, ние како пратеници од СДСМ имавме мошне јасен и дециден став. Го поддржавме вашиот предлог за донесување ваков закон и не само тоа што овој закон е дел од приоритетните закони кои се предуслов за европско партнерство и прием во Европската унија како дел од Акциониот план за европското партнерство и Националната програма за усвојување на правото на Европската унија, туку заради тоа што немавме дилема дека постојат детектирани слабости особено околу преклопување на надлежностите на различните органи на државната управа и недоследностите во насочување на средствата за регионален развој кои пред оваа фаза се одвојуваа од Буџетот на Републиката и затоа сметавме дека е ова вонредна можност Собранието на Република Македонија да донесе закон со кој ќе се зајакне кохерентната и партнерска улога помеѓу локалната и централната власт, со што повеќе ќе се зајакнува моќта на локалната самоуправа и развојот на регионот. Тоа е крајната цел на процесот на децентрализација.

На 27 април вие,со назнака итно, пред нас го понудивте Предлог законот за рамномерен регионален развој и верувајте ние не изгубивме надеж, добро го проучивме вашиот предлог, сметавме дека има шанса како закон да се подобри и ги поднесовме амандманите.

Штета е господине министер што нешто пред 14 часот нашите дискусии ги оквалификувавте како празни нашите амандмани како непотполни и некомпетентни и тоа не ви оди во прилог на вас како министер, како член на Владата на Република Македонија.

Сега токму мошне на кратко ќе говорам за несериозните недостатоци на овој закон и ќе говорам за тоа зошто пратеничката група на СДСМ ќе гласа против овој закон.

Прво не можете да имплицирате донесување на закон со кој ќе биде уредено политиката во функција на развивање на регионите односно во функција на развивање на единиците на локална самоуправа,а притоа да предвидите централизација на нивото на одлучување и околу мерките и што е уште побитно околу средствата кои треба да бидат трансферирани токму до оние кај кои е потребно, до единиците на локалната самоуправа кои се неразвиени, бидејќи диспаритетот во развојот е евидентен и очигледен. Меѓутоа, што направивте вие? Прво ни понудивте закон на кој ставивме сериозна забелешка дека е против уставен. Вие предвидовте долгорочната стратегија за рамномерен регионален развој да ја носи Владата и под наш притисок, под наша активна улога, во функција на подобрување, ви честитам господине Коњановски што најдовте сила и тоа го изменивте, го прифативте нашиот амандман, бидејќи овој закон ќе паднеше пред Уставниот суд, согласно членот 68 од Уставот на Република Македонија со кој е регулирана работата на Собранието на Република Македонија и согласно член 91 кај кој се опишани ингеренциите на Владата на Република Македонија, како извршна власт. Каде е тука нашата неконструктивност господине Коњановски. Во вода ви паѓаат вашите тези и токму тоа е нашиот најголем придонес. Но, штета, неуспеавме да ве убедиме дека согласно член 57 од Уставот на Република Македонија каде Републиката се грижи за рамномерен регионален развој и токму тоа спаѓа во ингеренциите на Собранието. Вие и покрај дводневни наши дискусии дека токму Собранието треба да ги одреди планските региони, а не така како што вие уредивте, согласно акт на Владата со кој претходно се уредени статистичките територијални единици, сметаме дека е премногу сериозен недостаток на овој закон и ние тоа ќе го оспориме. Меѓутоа, што е она што е уште побитно.

Во 2002 година Собранието на Република Македонија гласаше со двотретинско мнозинство за еден системски закон, законот за локална самоуправа. Тука бегање нема. Ние сите, како политички опции сме го поддржале овој закон. Во тој закон е предвидена законска обврска околу цела материја која се однесува на единиците на локална самоуправа, облигаторно е, законски е да бидат консултирани. Вие тоа не го сторивте и не само тоа, вие не признавате дека не го сторивте тоа. Господине Коњановски во рака држам, ја добив одредницата на локална самоуправа од 10 мај број 0202-375/2, доставено до Собранието на Република Македонија со кој се известува дека следејќи ја работата на Собранието на Република Македонија, имајќи предвид дека пред пратениците е дојден Предлогот на закон за рамномерен регионален разовј, сметаат дека е потребно да не известат дека последната верзија на Законот, а тоа е токму таа што сега ние за извесно време ќе треба да ја гласаме, не е разгледана од страна на комисиите на ЗЕЛС и по оваа верзија ЗЕЛС нема изнесено свои ставови и забелешки. Во вториот став велат - телата и управниот одбор на ЗЕЛС дадоа прелиминарно мислење во однос на првата верзија на законот. Господине Коњановски правите сериозни превиди. Не можеме да донесуваме закон кој е во спротивност со системски закон кој веќе е во сила. Не смее да ни се случи, бидејќи, ќе го поставам најсуштинското прашање кое мора да се постави јасно и гласно пред вас. Многу лесно на вашиот предлог закон му ставивте ознака на закон хармонизиран со европското право. Тоа е ова знаменце.

Господине Коњановски, што ќе се случи ако овој закон падне пред Уставен суд, кој ќе одговара, со оглед на тоа што претпоставувам дека вашето многу лесно индолентно однесување се должи на многу брзата ваша реконструкција, како член на Влада. Но, бидете сигурен дека одговорноста нема да заврши тука. Одговорноста ќе ја побараме кон оној под чие водство работите и под чие водство пред нас како Собрание ги донесувате на гласање овие не Европски закони.

Господинот министер изврши бегство. Претпоставуам нема одговор на вака сериозни обвинувања.

**Иван Анастасовски:** Немој да прејудицираме. Да причекаме, и господинот министер има потреба да излезе. Јас не гледам од што да бега.

Јас ќе ве замолам, додека се врати министерот да направиме една кратка пауза, човекот има потреба, цел ден е овде. Би ве замолил, да не се свати погрешно од што има да бега министерот. Нема потреба да бега. Еве давам една кратка пауза додека се врати министерот, бидејќи не е коректно вие да говорите додека тој не е тука.

Еве се врати министерот.

Јас би ве замолил, бидејќи се врати министерот, не од бегство туку од потребата која ја имаше како човек, што е нормално, да продолжите со вашата дискусија госпоѓа Бендевска.

**Весна Бендевска:** Благодарам.

Се надевам дека ќе се создадат услови да продолжам.

Значи она што беше моја поента е дека не смееме многу лесно да се служиме со ознаките на закони, претпоставувам хармонизирани со европското право, а при тоа да ризикуваме внатре да има одредби кои можат многу лесно да паднат пред Уставниот суд, бидејќи тоа директно ќе се имплементира во Извештајот на Европската комисија, бидејќи директно ќе бидеме оддалечени од она кон кое се стремиме, влез во ЕУ, и тоа е многу сериозна забелешка. Затоа сметав, наместо министерот да ни дава квалификации дека водиме празни дискусии, а при тоа да прифати навистина суштински амандман, како што е ингеренцијата, кој ќе ја донесуваме Стратегијата за рамномерен регионален разовј, очекував да ни оддаде признание на конструктивноста и работата бидејќи не сметаме дека го имаме монополот на добри идеи. Дај боже што повеќе пратеници, без оглед на политичката опција, да поднесуваат добри амандмани по секој предлог на закон, кои сите ние заеднички ќе ги гласаме. Тоа е наша заедничка придобивка. Во интерес на сите нас, конечно и на граѓаните кои ги претставуваме е донесување на добри закони. Но, овој закон, со оглед на тоа што, мошне накратко ќе се повторам, во ниедно ниво не ни помина ниеден наш предлог амандман каде се обидувавме да ја зајакнеме улогата на единиците на локална самоуправа, претставувани, се разбира преку законската форма, здружение на единиците на локална самоуправа, министерот беше спремен да преговара дека би било прифатливо доколку предлагаме да се консултира ЗЕЛС на ниво намислење, но не и да дава согласност.Целта на процесот на децентрализација е да се зајакне токму локалната власт на товар на намалување на ингеренциите на централната власт. Токму затоа сметаме дека овој закон и те како треба да се врати на доработка и те како треба да се врати онаму каде што природно припаѓа, на единиците на локална самоуправа. Многу сериозно сметавме дека и сите земји на ниво на ЕУ добиваат директно финансиски инекции од централните буџети. Кога ќе постојат сериозни критериуми кои ќе определат зошто некое подрачје е неразвиено и кој е правецот и начинот на кој може да се развива, центрлниот буџет доставува директна финансиска инекција за да може да се развива, да се намалува диспаритетот. Ние со овој акон предизвикавме дополнително финансиско оптоварување на Буџетите на единиците на локална самоуправа кои мака мачат да бидат одржливи, кои мака мачат административно да се доекипираат. Ние не им дадовме ништо друго туку зголемени надлежности за работа а намалена финансиска моќ. Ништо не сме направиле. Не

можеме да говориме дека сме го поттикнале локалниот односно регионалниот развој. Токму тука лежи главниот проблем и ова писмо сфатете го сериозно, без да дофрлате од страна на кој начин или како сме го добиле. Писмото е адресирано до Собранието на Република Македонија, индосирано е од господинот Андреј Петров, актуелен претседател на ЗЕЛС.Зошто не се сомневам во исправноста? Доколку навистина беа консултирани ќе произлезеше извештајот кој произлегува од законската обврска, облигација, член 80 од Законот за локална самоуправа, ќе беше доставен до нас и ќе беше неспорен и ќе дебатиравме по него. Го нема и заради тоа сметам дека втората фаза од предлог законот за рамномерен регионален развој, бидејќи не се консултирани оние кои треба, треба да имате доблест да го повлечете токму пред да го гласаме, да го дооработите, бидејќи, не сакам да се навраќам, има сериозни пропусти во критериумите кои дефинираат на кој начикн ќе се делат финансиските средства и концептуално, што е многу битно, овој закон не смее да биде централизиран. Со овој закон за рамномерен регионален разој се предвидени носители на политиката да бидат: Владата на Република Македонија, Министерството за локална самоуправа, Советот за рамномерен регионален развој на Република Македонија и Советот за развој на планскит регион. Господине Коњановски нема да ја добиете поддршката од пратениците на СДСМ и не само што нема да ја добиете, нема да спориме колку сме или не сме навредени, околу вашиот став кон нашите амандмани, кон нашата дискусија овие денови, ќе речеме само едно, обидете се, најдете доблест во овој момент да го повлечете, да го доработите и после тоа нова дебата и ќе ја имате нашата комплетна поддршка во Собранието. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на предлогот на законот.

Пред да гласаме, почитувани колеги, сакам да ги поздравам почитуваните гости, членовите на Комисијата за почитување на обврските и заложбите на земјите членки на Советот на Европа, кои се горе на галерија на нашиот Парламент. (Аплауз)

Ви благодарам колеги.

Пред да го ставам предлогот на гласање, ги молам пратениците кои се надвор од салата, да влезат бидејќи ќе постапиме кон гласање, а службите нека го утврдат точниот број на пратеници кои се присутни во салата.

Во салата се присутни 61 пратенк.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 62 пратеници, за гласале 48, воздржан 1, против 13.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за рамномерен регионален развој.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам 43 седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата заврши во 16, 30 часот. )

Почитувани колеги објавувам пауза од .. .

Процедурално за збор се јави господинот Макрадули.

**Јани Макрадули:** Почитуван потпретседсателе, би сакал да добијам информација според кој член од Деловникот и Уставот, седницата што планирате да ја почнете, е закажана. Дали воопшто е закажана седницата.

**Иван Анастасовски:** Да, закажана е.

**Јани Макрадули:** Кога?

**Иван Анастасовски:** Стои во . . .

**Јани Макрадули:** Тоа што стои на овој лист? Седницата не е закажана. Ве молам проверете во службите. Прво не е закажана. Ниеден пратеник од СДСМ не добил известување, ниту по СМС. Но, не е ни тоа проблем. Не е закажана воопшто седницата.

**Иван Анастасовски:** Јас добив лист.

**Јани Макрадули:** Ние не добивме, ама не е закажана седницата. Тоа што беше одложено, а не е почнато, не значи дека седницата е закажана.

Седница единствено може да закаже претседателот на Собрание.

Вчера потпретседателот кажа дека ќе продолжи, ама таа седница не е ни почната.

Ве молам консултирајте го Уставот и Деловникот. Правите сериозна грешка.

**Иван Анастасовски:** Во тој случај го почитувам вашето. . .

**Јани Макрадули:** Освен претседателот на Собрание никој друг не може да закаже седница.

**Иван Анастасовски:** Значи ќе објавам десет минути пауза за да се консултирам и конечно да ви соопштам.

(Седница не се одржа)

(Седницата заврши во 16,32 часот)